# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А

**ООУ „Свети Климент Охридски" с. Драслајца - СТРУГА**

**Драслајца, Јуни 2017**

**Самоевалуација на училиштето ,,Свети Климент Охридски,, с.Драслајца**

**Подрачје бр.1: Наставни планови и програми**

| **Подрачје бр.1: Наставни планови и програми** | | |
|---|---|---|
| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со  посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Реализација на проширените програми |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сезитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Вон-наставни активности | • Обем и разновидност на планираните и релизираните вонаставни активности<br>• Опфатеност на учениците во вонаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонаставните активности |

| 1.1 Реализација на наставните планови и програми | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Реализација на проширените програми |
| • Наставни планови и програми за основно образование донесени од МОН<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2016/2017 година<br><br>• Полугодишен извештај за работа на училиштето за учебната 2016/17година | Во училиштето се реализира Наставниот план и програма за одделенска настава I-V одделение од деветгодишното образование и за предметна настава VI -IX образование пропишан од МОН.<br><br>Во учебната 2016/2017 година наставата во училиштето се реализира во 23 паралеки, од кои 15 паралелки се во одделенска настава, а 8 чисти паралеки се во предметна настава.<br><br>Во паралеките во одделенска настава од I-V одделение наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Во 11 паралелки наставата се изведува на македонски наставен јазик, додека во 4 наставата се изведува на албански наставен јазик. Од паралелките на македонски наставен јазик во одделенска настава 7 се чисти, 4 се комбинирани. Од паралелките на албански наставен јазик 3 се чисти, а 1 е комбинирана.<br><br>Во предметна настава има 8 чисти паралелки во кои наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во предметна настава има по две паралеки од VI-IX одделение од деветгодишното образование.<br><br>Во однос на оценувањето на учениците се почитуваат законските основи за бројчано и описно оценување на учениците. Имено, учениците од прво, второ и трето одделение описно се оценуваат во текот на целата учебна година. Учениците од четврто, петто и шесто одделение се оценуваат комбинирано - описно и бројчано. Бројчано на крај од прво полугодие и крај на учебната година, а описно на крај од првото и второто тромесечие од учебната година. Учениците од седмо ,осмо и деветто одделение се оценуваат бројчано во текот на целата учебна година. |

| | |
|---|---|
| • Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2015/2016 година<br><br>• Тематски планирања на наставниците<br><br>• Анкети со наставници и ученици<br><br>• Педагошка евиденција и документација<br><br>• Записници од Училишен одбор и Совет на родители<br><br>• Записници од претходни инспекциски надзори | Во рамките на одделението постои одделенска комисија за самооценување составена од ученици. Во секој одделенски дневник се прави план за писмено оценување кој се темели на почитување на законските ограничувања – дневно може да има најмногу по една, а седмично по две писмени работи.<br><br>Применуваните наставни планови  и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН.<br><br>Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставниците навремено ги предале своите годишни програми за работа и истите се изработени според барањата на МОН и БРО. Училиштето има наставен план и програма за секој наставен предмет. Училиштето им дава поддршка на наставниците за подготвување и реализирање на наставните планови преку посета на семинари организирани од БРО и МОН. На наставниците почетници училиштето им одредува ментор кој ги упатува во извршувањето на секојдневните  работни обврски.<br>Во училиштето се реализираат следните проекти/програми:<br>- Проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“, кој се реализира во соработка со МОН и БРО<br>- Проектот на УСАИД за „Меѓуетничка интеграција во образованието“, кој се реализира во соработка со БРО, МОН и општините на ниво на Р. Македонија<br>- Проекти во соработка со ЛДА (Агенција за локален економски развој, Струга) – Декада на различности<br>- „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем„  во соработка со МОН, БРО и ОХО<br>- ВЕШТИНИ ЗА ТИНЕЈЏЕРСТВО – ЛИОН клуб/ МОН/<br>- Програма за енергетска ефикасност и заштеда на енергија во јавните објекти<br>- Програма ЕМИС – електронско водење на податоци –е-дневник<br>- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците<br>Во одделенска и во предметна  настава се реализира програмата Образование за животни вештини и тоа на часот на одделенската заедница во одделенска настава и на одделенскиот час во предметна настава. Во рамките на оваа програма се реализираат работилници од областа на здравјето и здравото живеење и односот со надворешната околина. |

| | |
|---|---|
| | Во програмата за одделенските часови во предметна настава вклучени се теми од воспитен карактер (Заштита од сексуално преносливи болести, Борба против болестите на зависност-наркоманијата, пушење, алкохолизам и слично.)<br><br>Училиштето ги информира родителите кои се членови на Советот на родители за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Покрај членовите на Советот на родители и останатите родители кои ќе побараат информација се информираат за наставните планови и програми.<br><br>Од страна на БРО не се изработени прилагодени наставни програми за работа со деца со посебни образовни потреби.<br><br>Училиштето има воспоставено процедура за избор на предмети преку листа со изборни предмети од кои учениците вршат избор. Изборот на изборен предмет го врши секој ученик самостојно. Изборот се врши преку известување на родителите и учениците и преку пополнување на анкетно ливче. При изработка на анкетните ливчиња се води грижа за насоките од БРО И МОН, а на избор се нудат наставните програми за изборните предмети изработени од БРО. Наставата по изборните предмети се изведува во текот на наставниот ден.<br><br>Изборната настава во одделенска настава во паралеките на македонски и албански наставен јазик се реализира во IV и V одделение. Во IV одделение од деветгодишното образование учениците и во паралелките на македонски и албански наставен јазик изведуваат изборна настава по предметот **Творештво.** Во V одделение во одделенска настава изборна настава се организира по предметите **Творештво и Работа со компјутер.**<br><br>Во предметна настава се организира изборна настава по предметот **Запознавање со религиите** во VI одделение од деветгодишното образование. Во VII одделение од деветгодишното образование изборна настава се организира по предметите **Проекти од информатика и Изборен спорт**. Во VIII одделение се организира изборна настава по предметите **Вештини на живеење**, **Изборен спорт** и **Техничко образование.** Во IX одделение се организира изборна настава по предметите **Воспитание за околината** и **Техничко образование.** |

| 1.2 Квалитет  на наставните планови и програми | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Родова и етничка застапеност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| • Наставни планови и програми за основно образование донесени од МОН<br>• Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2016/17 година<br>• Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2015/16 година<br>• Полугодишен извештај за работа на училиштето за учебната 2016/17 година<br>• Тематски планирања на наставниците<br>• Анкети со наставници и ученици<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од Училишен одбор и Совет на родители<br>• Записници од претходни | Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност само по иницијатива на наставници, родители или стручни органи<br><br>Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.<br><br>Во училиштето има можност за интегративен пристап кон содржините кои можат да се вклучат во реализацијата на повеќе наставни предмети. Овој интегративен пристап се применува кај повеќе наставни предмети со цел да се подобри квалитетот на наставата. Ваквиот пристап постои помеѓу предметите каде постои потесна корелација како што се мајчиниот со странските јазици, математика со физика, историја со граѓанска култура и др. Во рамките на проектот „**Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“** наставниците и од одделенска и од предметна настава во своите годишни и тематски планирања интегрираат содржини од областа на еколошката едукација.<br><br>Училиштето не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставниот план и наставните програми до Министерството за образование и наука,  до Бирото за развој на образованието или до Центарот за стручно образование и обука.<br>Наставниците ги приспособуваат наставните планови и програми донесени од МОН и БРО според нивните согледувања и потреби. |

| | |
|---|---|
| инспекциски надзори | |

| 1.3 Вонннаставни активности | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците во воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| • Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2016/17 година<br>• Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2015/16 година<br>• Полугодишен извештај за работа на училиштето за учебната 2016/17 година<br>• Програми за дополнителна и додатна настава и за други воннаставни активности<br>• Анкети со наставници и ученици за воннаставните активности<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од стручни активи<br>• Дипломи, признанија, пофалници од учество на | Воннаставните активности опфаќаат содржини и активности кои се реализираат вон наставата. Воннаставните активности опфаќаат:<br>• **СУА (слободни ученички активности)**<br>• **Ученички натпревари и конкурси**<br>• **Општествено хуманитарна работа ( подмладок на црвениот крст)**<br>Низ слободните ученички активности учениците ги искажуваат своите афинитети и интереси. Слободните ученички активности во рамките на училиштето ги опфаќаат:<br>• СУА за проширување на знаењата по одделни наставни предмети;<br>• Слободни технички активности;<br>• Слободни културно-уметнички активности;<br>• Слободни спортски активности.<br>Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети работаат следните секции: љубители на англискиот и рускиот јазик, математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.<br>Во рамките на слободните културно-уметнички активности работат секциите за литература, драма, рецитал, ликовно и пеење.<br>Во слободните спортски активности работи спортската секција и љубители на фудбал.<br>Во рамките на слободните технички активности ќе работи сообраќајната секција.<br>Училиштето планира разновидни активности што ги одразуваат потребите и интересите на |

| | |
|---|---|
| манифестации и натпревари<br>• Акции за подобрување на животната средина<br>• Програма за грижа за здравјето на учениците | учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Училиштето организира ученички екскурзии според календарот за работа на училиштето .<br>Најголемиот број ученици во одделенска настава се вклучени барем во една вонраставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло.<br>Во предметна настава учениците се вклучуваат во вон-наставните активности по сопствен избор.<br>Дополнителна и додатна настава се организира за учениците од II-V одделение од одделенска настава и во сите одделенија од предметна настава.<br>Дополнителната настава се организира за учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи по еден или повеќе наставни предмети. Дополнителната настава се изведува во текот на целата наставна година по часовите. На крајот од учебната година дополнителната настава се организира за учениците со негативни оценки.<br>Додатната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати, пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност по одделни наставни предмети. Додатната настава се организира во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, според Програмски содржини изготвени од страна на одделенските и предметните наставници за кои е добиена согласност од страна на родителите на учениците.<br>Во училиштето работат стручни активи и тоа: актив на одделенска настава, актив на јазично-општествена група предмети и актив на природна група предмети.<br>Наставниците најмногу ги охрабруваат учениците за учество на натпревари и конкурси преку давање јасни напатствија за барањата на натпреварите. Учениците учествуваат на натпревари и конкурси доколку почуствуваат лична желба за докажување.<br>Во текот на учебната 2015/2016 година учениците од одделенска и предметна настава учествувале на следниве натпревари и конкурси:<br>- Општински натпревар по физика за учениците од VIII и IX одделение. На вој натпревар еден ученик од деветто одделение освои прво место, додека двајца ученици од VIII одделение освоиле второ место.<br>- Општински натревар по математика за учениците од IV и V одделение од одделенска |

| | |
|---|---|
| | настава и за учениците од предметна настава.<br>На општинскиот натпревар по математика еден ученик од петто одделение од одделенска настава освоил пофалница.Тројца ученици од VI одделение од предметна настава и еден ученик од VIII одделение освоиле второ место. Еден ученик од VI одделение освоил трето место, додека еден ученик од IX одделение освоил пофалница.<br>- Регионален натпревар по математика за учениците од IV и V одделение од одделенска настава и за учениците од предметна настава. На регионалниот натпревар по математика шестмина ученици од нашето училиште освоиле пофалница и тоа: еден ученик во V одделение, тројца ученици во VI одделение, еден ученик во VIII одделение и еден ученик во IX одделение.<br>- Натпревар по математика Кенгур. На натпреварот по математика Кенгур активно учество зедоа учениците од I-IX одделение од одделенска и предметна настава. На овој натпревар се сдвоени седум дипломи за **ПРВО** место, седум дипломи за **ВТОРО** место, шест дипломи за **ТРЕТО** место и шест пофалници на ниво на училиште.<br>- На натпреварот по англиски јазик за деветто одделение во организација на колеџот Јахја Кемал е освоено **ВТОРО** место.<br>- На општинскиот натпревар по англиски јазик за учениците од V и IX одделение, учествуваа двајца ученици од V одделение и двајца ученици од IX одделение. На овој натпревар еден ученик од V одделение освои **ВТОРО** место, додека еден ученик од IX одделение освои **ТРЕТО** место и еден ученик од IX одделение освои **ВТОРО** место.<br>- На натпреварот по англиски јазик Spelling bee еден ученик од VIII одделение освои **ПРВО** место.<br>- На ДРЖАВНИОТ натпревар по англиски јазик за учениците од V и IX одделение учествуваше ученик од IX одделение и го освои **ПРВОТО** место**.**<br>- На општинскиот натпревар во ракомет за мажи учениците од VIII (8) и VIII (9) одделение го освоија **ТРЕТОТО** место.<br>- На општинскиот натпревар во фудбал учениците од нашето училиште зедоа учество во второто коло.<br>Од страна на наствничкиот совет петнаесет ученици од предметна настава беа наградени за |

| | |
|---|---|
| | нивниот континуиран одличен успрех во рамките на основното образование.<br>Училиштето води грижа за животната средина преку спроведување на точките на акција од Планот за активности во рамките на пректот: „**Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**“ во соработка со МОН и здружението на граѓани ОХО и акциите организирани од Владата на РМ по повод Денот на дрвото и Денот на пролетта (еклогијата).<br>Грижата за здравјето на учениците се остварува преку соработка со Медицински центар Струга за организација и реализација на систематски лекарски прегледи за учениците од 1-во, 3-то, 5-то и 7-мо одделение, изведување на вакцинации и ревакцинации на учениците, изведување на редовни стоматолошки прегледи според нивни програми.<br>Во соработка со ЈЗУ Јавна здравствена установа – Струга, реализирани се систематски прегледи и стоматолошки систематски прегледи во училиштето за учениците од прво до деветто одделение (непарни). Прегледите се реализираа во текот на месеците ноември и декември 2015 година.<br>Предавање на тема :„Што треба да се знае за болестите на зависност“ (пушење, алкохолизам и наркоманија се реализира во соработка со - ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид – Одговорен: Роберта Ставреска (21.12.2015)<br>Грижата за здравјето ќе се реализира преку заеднички активности и предавања во соработка со црвениот крст и стручниот соработник. Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку спроведување на сите препорачани превентивни мерки поврзани со хигиената во училиштето. Се организираат предавања на одделенски часови за општата и личната хигиена, презентации, доставуваат брошури и флаери (летоци) за учениците, истакнуваат постери, предавања од стручно лице на одделенски часови во соработка со одделенски раководител, педагог, советодавна работа за заштита од заразни болести од педагог и директор со ученици и родители преку секојдневна контрола на состојбата во училиштето. Водејќи грижа за здравјети и безбедноста на учениците, училишето организира и акција за осигурување на учениците. Осигурувањето на учениците не е задолжително.<br>Во соработка со проектот „Со читање до лидерство“ – „Чекор по чекор“/УСАИД/ БРО, се реализира обуките за наставниците:<br>• „Читаме, учиме и се забавуваме“ - Обуката се одржа во Охрид, а учество зедоа 9 наставници (15.10.2015) |

| | |
|---|---|
| | • „Дигитални ресурси за учење“ – Обуката се реализира во Охрид, а учество зедоа 5 наставници (7.11.2015)<br>• „Математика +“ Обуката се реализира во Охрид, а учество зедоа 8 наставници (23.04.2016)<br>• „Нашата училница –нашиот свет“ - а учество зедоа 14 наставници (23.04.2016)<br>• Математика по Кембриџ за IV-VI одделение, учествуваа 6 наставници (18.05.2016)<br>• Се спроведоа активности за реализација на акцијата „Македонија без отпад“ преку чистење на училишниот двор. (02.10.2015)<br>• Се одржа едукативен час на тема „ Чиста вода за сите“. (02.10.2015)<br>• Двајца наставници од одделенска настава и двајца наставници од предметна настава заедно со одуммина ученици од нашето училиште зедоа учество на настанот „Заедно градиме мостови“ – Скопје Градски парк со почеток во 12:00 часот – завршен настан. (03.10.2015) Павлеска<br>• Се одржа едукативно предавање на тема: Превенција од пороци – Национална стратегија за борба против злоупотреба на дрога ( преку СВР Охрид) на која присуствуваа учениците од седмо одделение, а реализатори соработници беа Живорад Савиќ и Перо Јованоски (03.12.2015)<br>• На покана од НВО „Здружение за хуманитарни вредности, мултиетничко разбирање и култура на живеење “учениците од IV одделение од ПУ од с. Ложани заеднно со нивниот одделенски наставник, педагогот и директорот на училиштето учествуваа на прослава на годишнина невладина организација на родител на наш ученик на ден 10.10.2015.<br>• Во однос на почитувањето на човековите права и слободи и други содржини поврзани со општественото живеење, учениците во VIII и IX одделение ги изучуваат преку предметот граѓанско образование. Исто така и преку содржини во програмите за одделенски час имаат можност да учат и практикуваат демократски постапки при донесување на одлуки и разрешување на конфликти. Притоа ученичката заедница, како највисока форма на организирано делување на учениците, овозможува промовирање и иницирање на активности во духот на демократско работење. |

**Самоевалуација на училиштето ,,Свети Климент Охридски,,**

**Подрачје бр.1 : Наставни планови и програми**

| РЕЗУЛТАТИ |
|---|
| КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ<br>• Наставните планови и програми се достапни за наставниците, родителите и учениците;<br>• Наставните планови и програми се изготвуваат навремено и со задоволителен квалитет;<br>• Наставните планови и програми вклучуваат содржини за грижа за здравјето на учениците;<br>• На учениците им се нудат најмалку 3 (три) изборни предмети ;<br>• Процедурата за избор на изборни предмети се применува во целост;<br>• Се води грижа за професионалниот развој на наставниците;<br>• Зголемено учеството на натпревари и остварени високи резултати;<br>• Целосна реализација на наставните планови и програми;<br>• Активно учество на учениците во вон-наставните активности; |
| КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ<br>• Нема дефектолог во училиштето;<br>• Наставниот кадар не е обучен за работа со ученици со ПОП; |

**Самоевалуација на училиштето ,,Свети Климент Охридски,,**



| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Во училишето се реализира програма за одделенска настава од I-V одделение и предметна настава од VI-IX одделение од деветгодишното образование според планови и програми пропишани од БРО и МОН, со посебен акцент на имплементација на програмите Кембриџ по предмети и одделенија согласно насоките од БРО.<br><br>Во одделенска настава наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик, додека во предметна настава наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во одделенска настава има 11 паралеки на македонски наставен јазик (7 чистии 4 комбинирани) и четири паралелки на албански наставен јазик ( три чисти и една комбинирана).<br><br>Училиштето има воспоставено процедура за избор на предмети и нуди изборни предмети од кои може да изберат учениците. Изборот на изборен предмет го врши секој ученик самостојно.<br><br>Изборната настава во одделенска настава во паралеките на македонски и албански наставен јазик се реализира во IV и V одделение. Во IV одделение од деветгодишното образование учениците и во паралелките на македонски и албански наставен јазик изведуваат изборна настава по предметот **Творештво. В**о петто одделение изборната настава се изведува по предметите **Работа со компјутер** и **Творештво.**<br><br>Во предметна настава се организира изборна настава по предметите кои учениците сами ќе ги изберат, а се понудуваат во месец април согласно насоките од БРО и МОН. Од оваа учебна година (2016/2017) бидејќи имаме фискултурна сала понуден е и програма по изборен спорт, која дел од учениците ја посетуваат.<br><br>Во училиштето учениците од I,II,III одделение од деветгодишното основно образование се оценуваат описно. Учениците од IV,V и VI одделение од деветгодишното основно образование се оценуваат и описно и бројчано, додека учениците од VII,VIII и IX одделение од деветгодишното образование се оценуваат само бројчано.<br><br>На наставниците секогаш им се достапни наставните планови и програми.<br>Наставниците навремено ги предаваат своите годишни програми за работа и истите се изработени според барањата на МОН и БРО. За содржината на наставните планови и програми учениците се информираат на првиот училиштен час.<br><br>Во планот и програмата за одделенските часови, како и во програмата на педагогот вклучени се теми од воспитен карактер. Теми од |

| |
|---|
| воспитен карактер се обработуваат преку одржување работилници во рамките на програмата Образование за животни вештини, а во учебната 2015/2016 се реализираше програмата ВЕШТИНИ ЗА ТИНЕЈЏЕРСТВО со VI а одделение. Поголемиот број наставници сметаат дека наставните планови и програми на државно ниво се преобемни и изобилуваат со фактографски податоци |
| **Идни активности**<br>• Зголемување на значењето на вон-наставните активности<br>• Информирање на родителите on line со програмите кои ги учат нивните деца . |

**Подрачје бр.2: Постигнувања на учениците**

| **Подрачје бр.2: Постигнувања на учениците** | | |
|---|---|---|
| Бр. | **Индикатор за квалитет** | Теми |
| 2.1 | **Постигнувања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по класификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната /додатната настава<br>• Следење на постигањата при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| 2.2 | **Задржување / осипување на учениците** | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно во друго училиште |
| 2.3 | **Повторување на учениците** | • Ученици кои не ја завршуваат годината |

| 2.1. Постигнувања на учениците | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по класификициони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава<br>• Следење на постигањата при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| • Годишна програма и извештај за работа на училиштето<br><br>• Дневник за работа на паралелката<br>• Предавања на одделенските часови за начините на ефикасно учење<br><br>• Извештај за успехот во училиштето | Училиштето располага со целосни податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети во сите класификициони периоди. Училиштето постојано презема активности за подобрување на постигањата на учениците. Директорот и педагогот постојано го следат континуираното оценување на учениците од страна на наставниците. Родителите се известуваат за постигнувањата на учениците по крајот на секое тромесечие. Исто така, известувањето се врши и преку евидентни листови.<br><br>Училиштето континуирано го бележи средниот успех на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година. Во последните години средниот успех на ниво на училиште се зголемува. Во учебната 2012/2013 средниот успех на учениците е **3,89;** во учебната 2013/20144 е **3,73**; во учебната 2014/2015 е **3,91** и во учебната 2015/2016 е **4,16**. Во учебната 2015/2016 учениците во предметна настава оствариле средна оценка **3,97**, а учениците во одделенска настава е **4,34.** Средна оцена на ниво на училиште е **4.15**.<br><br>По спроведеното екстерно тестирање, дојде до промена на општиот успех на неколку ученици. Кај два ученика во одделенска настава општиот успех се промени од одличен во многу добар, додека во предметна настава дојде до промени во општиот успех кај шест ученици.<br><br>Покрај екстерното проверување, спроведено е и интерно оценување на објективноста на наставниците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини. |

- Анализа за последните 4 години

Ова се однесува на одделенските наставници од I (прво) II (второ) и III (трето) одделение и наставните предмети: музичко, ликовно и физичко и здравствено образование од IV до IX одделение, како и по техничко образование во IV (четврто) V (петто) и VI (шесто) одделение.

Табеларен приказ со можност споредбена анализа.

| **Среден успех** | **2012/2013** | **2013/2014** | **2014/2015** | **2015/2016** |
|---|---|---|---|---|
| Крај на учебна година | 3,73 | 3,91 | 4.16 | 4.25 |

| **Среден успех** | **2012/2013** | **2013/2014** | **2014/2015** | **2015/2016** | **2016/2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| Крај на прво полугодие | 3.89 | 3.73 | 3.91 | 4.11 | 3.90 |

Училиштето идентификува ученици со потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби. Во програмата за Животни вештини, се реализираат предавања за поефикасно учење, кои одделенските наставници во предметна и одделенска настава, освен во прво одделение, ги реализираат на одделенските часови односно на часот на одделенската заедница.

Педагогот подготвува материјали за одделенските часови преку кои учениците се запознаваат со начините на поефикасно учење. Сепак училиштето нема добри насоки од БРО или други институции за да систематски го следи нивниот напредок.

- Дневник за евиденција на учество на натпревари

Дел од наставниците обезбедуваат подршка во редовната настава на оние ученици кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето реализира дополнителна настава во текот на учебната година за сите ученици кои имаат слаби оценки по определени предмети и додатна настава за ученици кои покажуваат значителни резултати во определени области. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците од еден во друг возрасен период. Доколку се јават негативни разлики во постигањата при премин од еден во друг возрасен период, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нивно надминување.
Во училиштето согласно измените на Законот за основно образование се реализираат советувања т.е. школи за родители чии деца:

- покажуваат континуирано слаб успех во учењето (со три и над три слаби оцени),

| | |
|---|---|
| | - ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци,<br>- ученикот е недисциплиниран,<br>- ученикот го навреди наставникот,<br>- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство,<br>- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување,<br>- ученикот се однесува неморално или неетички и<br>- во краток период на ученикот значително му опадне успехот.<br><br>Во учебната 2015/2016 учениците учевствувале на натпревари по математика, физика, англиски јазик и физичко образование (спортски натпревари). На општионскиот натпревап по физика, Дарко Ложанкоски и Тамара Вељаноска освоиле ПРВО место. На државниот натпревар по англиски јазик ученикот Дарко Ложанкоски освои ПРВО место. На натпреварот по математика наградени беа учениците: Александра Настоска, Катерина Бицеска, Анастасија Малеска, Кирил Вељаноски, Емилија Клечкароска .<br><br>На натпреварот во ракомет за мажи ,учениците од нашето училиште освоиле 3 (ТРЕТО) место . |

| **2.2. Задржување / осипување на учениците** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно во друго училиште |
| • Годишен извештај за работата учебна 2013/14 година<br>• Евиденција за ученици | • Училиштето има изградена политика за опфат на сите ученици од својот реон.<br>• Училиштето ја следи редовноста на учениците , ги анализира причините за отсуство и навреме превзема конкретни активности што обезбедуват зголемување на редовноста. Просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од 5 по ученик.<br>• Во учебната 2015/2016 година во училиштето наставата ја посетуваа 230 ученици. Со евидентни листови се стекнаа 230 ученици.<br>• Повратната информација за запишани ученици во средните училишта ни дава право да |

<table>
<tr>
<td>

- Главни книги
- Преведници
- Годишни извештаи за работата на училиштето

</td>
<td>

констатираме и дека сите ученици кои завршуваат осмо одделение се запишуваат во средно.

- Редовноста и поведението на учениците се задоволителни Табеларно прикажано во последните четири години ситуацијата е следна:

| Изостаноци | 2012/2013 | 2013/2014 | 2014/2015 | 2015/2016 |
|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 1824 | 2570 | 2037 | 2256 |
| **Просек по ученик** | 7,69 | 10,93 | 8,59 | 9,81 |
| **Неоправдани** | 193 | 299 | 175 | 412 |
| **Просек по ученик** | 0,81 | 1,27 | 0,74 | 1,79 |
| **Вкупно** | 2017 | 2869 | 2212 | 2691 |
| **Просек по ученик** | 8,51 | 12,2 | 9,33 | 11,7 |

Според направените анализи, причините за оправданите изостаноци се поврзани со појавата на грип, додека неоправданите, најчесто се прават заради задоцнување на прв час. Нема појава на бегање од училиштето.

Ученикот, Тарзан Џаку, од прво одделение во ПУ Биџево, полагаше класен испит за премин во наредно одделение поради направени изостаноци над законски дозволениот лимит.
Во училиштето постои процедура според Законските одредби за постапката за премин на учениците (запишување и испишување) од едно училиште во друго.

Документацијата во училиштето се води согласно ЗОО.

</td>
</tr>
</table>

| **2.3. Повторување на учениците** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Ученици кои не ја завршуваат годината |
| • Годишни извештаи за работата на училиштето | • Во последните 10 години нема ученик кој не ја завршил годината. |

| **Други извори на податоци** | **Вклучени во собирањето на податоците** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| • Анкетен прашалник за ученици | • Наставници<br>• ученици | Од анкетираните ученици 77,42% учествувале на натпревар по математика, 22,59% на натпревар по физичко и 6,45% на натпревар по англиски јазик.<br><br>За учество на натпревари и конкурси учениците најмногу се охрабруваат преку давање јасни напатствија за барањата на натпреварите ( 52,63%), додека 42,11% од учениците се охрабруваат преку информирање за наградите кои се добиваат.<br><br>71, 88% од учениците на натпревари и конкурси учествуваат само доколку почувствуваат лична желба за докажување. |
| • Анкетен прашалник за наставници | • Тим од наставници<br>• Педагог | 60,61% од анкетираните наставници секогаш ги споредуваат резултатите кои ги постигнуваат учениците со постигнатите резултати од претходните години<br>Напредокот и постигањата на учениците кои имаат потешкотии во учењето и на тие со посебни образовни потреби преку правење на тежински нивоа го следат 44% од наставниците.<br>22 % за сите ученици подготвуваат еднакви тестови, па тие сами одбираат што ќе одговараат.<br>14% од наставниците прават индивидуални планови. |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкетен прашалник за родители | • Педагог | Од анкетираните родители,90,6% секогаш се добро информирани за училишниот успех на нивните деца.<br>Според 53, 1% од анкетираните родители ,на нивните деца во постигнувањето на подобри резултати во учењето најмногу им помага кога добиваат поголема помош и поддршка од наставниците.<br>Според 65,6% од анкетираните родители, незаинтересираноста за учење најмногу им одмага на нивните деца за да постигнат подобри резултати во учењето. |

**РЕЗУЛТАТИ**

**КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**

- Учениците го завршуваат образовниот процес;
- Учениците се добро информирани за конкурсите кои се во тек;
- Постигнати високи резултати на општински, регионални и државни натпревари;
- Родителите секогаш се добро информирани за постигањата на нивните деца;
- Просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од 5 по ученик;
- Кадарот практикува најразлични форми за остварување на родителска соработка;
- Стручно усовршување на кадарот на планот на унапредување на оценувањето на учениците и подобрување на менаџментот во училница.

**КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ**

- Учениците не се доволо мотивнирани за учество на натпревари;
- Учениците не се заинтересирани за учење;
- Примена на традиционални техники, методи и инструменти за оценување на ученичките знаења.

**Анализа на резултатите**

Во училиштето 100% од учениците го завршуваат образовниот циклус и 100% од деветтоодделенците продолжуваат во средните училишта. Наставниците, учениците и родителите се задоволни од постигнувањата на учениците во училиштето според способностите и интересите на самите ученици. Односот на училиштето кон сите ученици е еднаков и правичен од аспект на пол, национална / етничка припадност, социјален статус и способности.
Успехот што се постигнува на ниво на училиште во последните две учебни години повеќе одговара на постигањата на учениците.
Училиштето континуирано го следи успехот на учениците во текот на учебната година, врши компаративни анализи по ученици, паралелки, одделенија, наставни предмети и во однос на други учебни години. За успехот редовно се дебатира на наставнички и одделенски совети.
Училиштето има севкупна слика на постигнувањата на учениците. За учениците во одделенска настава наставниците водат индивидуални и групни ученички досиеја. За постигањата на учениците во предметна настава, наставниците водат евиденција според насоките и барањата од БРО.
Во училиштето нема изграден систем за објективно критериумско следење, вреднување и оценување на ученичките постигања според Законските односно програмски стандарди.
При оценувањето на постигањата на учениците се практикуваат традиционални форми и методи според општите програмски критериуми. Наставниците немаат изградени критериуми за оценување на учениците со различни способности.
Во училиштето има ученици со образовни потешкотии и посебни потреби, но кадарот не е обучен за индивидуализирана работа со тие ученици. Училиштето настојува да работи на изградување на нивните воспитни квалитети, но има потреба од поефикасна и континуирана соработка со соодветно стручно лице – Дефектолог.
Училиштето има изградена процедура за поднесување на жалби, родители од ученици кои не се задоволни од оценувањето, доколку постои потреба.
Редовноста на учениците е на добро ниво. Доколку се појави проблем училиштето веднаш реагира - и со тоа се решава проблемот.
Со учениците се организираат едукативни работилници со цел да се задржи нивото на култура и добро однесување кон работните обврски.

**Идни активности:**

- Осовременување на техниките и методите на оценување на постигнувањата на учениците со различни способности
- Поттикнување на учениците и одржување на трендот на мал број на неоправдани изостаноци
- Подобрување на успехот на учениците според Законските стандарди

| **Подрачје бр.3: Учење и настава** | | |
|---|---|---|
| *Бр.* | *Индикатор за квалитет* | *Теми* |
| 3.1 | Планирање на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците (Нови планирања по Кембриџ)<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| 3.2 | Наставен процес | • Наставни методи и форми<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес<br>• Интеграција на Еко стандардите во наставата<br>• Користење на ИКТ (Застапеност со 30% по секој наставен предмет) |
| 3.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот |

**Самоевалуација на училиштето:,,Свети Климент Охридски,, с. Драслајца Подрачје бр.3: Учење и настава**

| *3.1 Планирање на наставниците* | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| • Годишна програма за работа на училиштето 2016/2017 година<br><br>• Наставни планови и програми за одделенска настава и предметна настава<br><br>• Евидентни листови за следење на редовноста и квалитетот на планирањето на наставниците | Директорот и стручната служба најмалку еднаш во едно полугодие согласно законски пропишаните приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето, ги следат планирањата на наставниците. Наставниците реализацијата на наставата ја планираат преку изготвување на: годишно глобално планирање, тематско планирање и дневно оперативно планирање со сите неопходни елементи за успешна реализација и организација на часот (цели на часот, активности, ресурси, проверка на постигнување, евалуација на реализираниот час), планирање на одделенските часови и додатна настава. Наставниците планираат во рамките на стручните активи, разменуваат искуства и идеи за планирање преку ИКТ и сл.<br>Наставниците планирањата ги изработуваат според барањата и стандардите поставени од БРО и МОН, а за помош на наставниците се изработуваат урнеци и се даваат насоки за ефикасно планирање (особено на нововработените). По извршените увиди во планирањата на наставниците се вршат консултации заради надминување на одредени пропусти доколку ги има.<br>Од учебната 2014/2015 година одделенските наставници во почетните одделенија ( I, II и III одделение) започнаа со примена на новите наставни планови и програми по предметите Природни науки и Математика по Кембриџ.<br>Од минатата учебна 2015/2016 година воведени се новите наставни планови и програми по предметите математика и природни науки по Кембриџ во IV, V и VI одделение. Исто така во учебната 2015/2016 година зголемен е и бројот на часови во V одделение, по предметот матаметика од 4 на 5 часа неделно.<br>Оваа учебна 2016/2017 година стартуваше со примена на нова наставна програма по предметот математика по Кембриџ во VII, VIII и IX одделение. Нови наставни програми по Кембриџ воведени се по предметите физика и хемија во VIII и IX одделение и по предметот биологија во VII, VIII и IX одделение.<br>Во VI одделение во учебната 2015/2016 година воведен е наставниот предмет географија со 2 часа неделно<br>Навременоста и кавалитетот во изработкаат на наставните планови и програми се следат од страна на директорот и педагогот во училиштето. Од податоците во евидентниот лист може да се види дека наставниците навремено ги доставиле годишните глобални и тематски планирања.<br>Годишните-тематски планови најчесто се изработуваат во електронска, а дневните оперативни планови во пишана или електронска форма. |

| | |
|---|---|
| | Распоредот на часови го изработува одговорен наставник во соработка со педагогот и директорот според кадровските можности во училиштето. |

| **3.2. Наставен процес** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Наставни методи и форми<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес<br>• Интеграција на Еко стандардите во наставата<br>• Користење на ИКТ |
| • Дневни оперативни планови<br>• Записници од следење на наставата<br>• Годишна Програма за работа<br>• Програма за работа на педагог<br>• Програма за работа на директор<br>• Професионални досиа од наставници<br>• Извештај од педагог (навики | Редовно и со голема одговорност се изработуваат дневните оперативни планови, при тоа наставниците користат активни методи и форми на работа вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата .<br>Работата на наставниците се следи и оценува од неколку аспекти:<br>- навременост и редовност во изработка на годишни тематски и дневни подготовки;<br>- реализација на програмата преку непосредно следење на наставата;<br>- редовност на работното место во текот на годината;<br>- следење на ефикасноста во водењето и пополнувањето на педагошката евиденција и документација.<br>Најголем број од наставниците рамноправно се однесуваат кон сите ученици без разлика на пол и вероисповед. Поголем дел на наставници ги земаат предвид индивидуалните потреби на учениците, даваат различни задачи и активности за различни групи ученици.<br>Доколку при следењето се откријат пропусти во работата на наставниците, тие се известуваат и им се обрнува внимание дека треба да се почитуваат законските обврски, насоки кои се добиваат од правилници и слично**.**<br>Наставниот кадар и училишниот тим со тимска работа, меѓусебна соработка и мотив за извршување на професионалните обврски настојуваа целосно да ги реализираат наставните содржини т.е. содржината и целите на наставните програми.<br>Приоритетната цел во работата на педагогот и директорот се однесуваше на професионалниот развој на кадарот. Истиот се овозможи преку организација на тимската работа, екстерна и интерна едукација, активности за практична примена на наученото од ПЕП компонентите, ПМО обуките и сите семинари и обуки од БРО.<br>Во училиштето дел од наставниците користат разновидни наставни форми и методи за активна настава, диференцирана настава, проектни активности, истражувачки постапки, работа во работилници, презентации, во зависност од карактеристиките на учениците и нивните стилови на учење, применувајќи ги современите технички и помагала. Примената на современите методски приоди во наставата во училиштето е на солидно ниво. Учениците се оспособени за истражувачка работа и самостојно учење. |

| | |
|---|---|
| и техники на учениците за учење)<br><br>• Дневник за работа на директор<br><br>• Дневник за работа на педагог<br><br>• Стручна евиденција од педагог (инструменти за следење и вреднување на работата на наставникот)<br><br>• Интеграција на Еко стандардите во наставата<br><br>• Користење на ИКТ | Наставниците се обучени за користење на ИКТ во наставата. Наставниците ги користат одобрените учебници и прирачен материјал, како и информации-материјали од интернет.<br>Задачите кои се работат во училиште или дома најчесто се поврзани со работата на учениците за време на часовите односно наставните цели. Изборот на задачите не секогаш е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Индивидуализирани или диференцирани домашни задачи се задаваат понекогаш по одредени предмети со цел да им се помогне на подобрите ученици да ги постигнат предвидените наставни цели, но и да се научат како самостојно да учат, истражуваат и креираат. Да се поттикнат да постигнат што повисоки резултати во согласност со нивните можности.<br>Во наставната работа најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, соработка и разбирање без разлика на нивниот пол, социјално потекло, етничка /национална или религиска припадност.<br>Полова стереотипност постои за машки и женски деца што произлегува од традицијата на локалното население, но истата во училиштето од училишните субјекти се почитува, но не се третира. Постои рамноправна полова застапеност во сите активности од училишниот живот.<br>Дел од наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците за учење, при што учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставниот процес. Учениците се запознаваат со целите, но не секогаш и со очекуваните исходи според индивидуалните потреби.<br>Поголем дел од наставниците воспоставуваат позитивна интеракција на релација наставник-ученик.<br>Во однос на следењето на наставниот процес училиштето има пропишана интерна процедура.<br>Секој наставник се посетува на час еднаш во една учебна година од директорот и педагогот. При тоа доколку се забележат некакви неправилности советодавно се пристапува за нивно отстранување.<br>Поради кадровската структура односно кадровските промени минатите учебни години и застапеноста на повеќе наставници-почетници, педагогот и директорот го акцентираа следењето на нивната наставна работа.<br>Директорот и педагогот ја следат работата на наставниците посредно и непосредно во сите подрачја од воспитно-образовната работа; посредна и непосредна посета на наставни часови ; конструктивни советодавно-инструктивни и консултативни разговори за етапите на наставниот процес. Притоа се наведуваат и констатираат позитивните страни и слабостите кои понатаму служат за констатирање на образовните потреби и насока за професионален развој на наставниците.<br>Наставниците во одделенска и предметна настава изработуваат интегрирани планирања за имплементација на Еко стандардите во наставниот процес. Формираат Еко патроли (составени од ученици) кои редовно ја следат и евидентираат состојбата во училниците, училишните ходници и училишниот двор.<br>Наставниот кадар е обучен за приемна на ИКТ во наставниот процес. Успешно и според потребите се применува ИКТ (Edubuntu, Toolkid, GCompris, Green Pack Junior…) во наставата, по сите наставни предмети во сите одделенија од I – IX одделение со 30% застапеност. |

| *3.3. Искуства на учениците од учењето* | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| • Записници од Одделенски и Наставнички Совети<br>• Дневник за соопштенија на учениците<br>• Презентации од наставници и ученици<br>• Истражување за постигнувањата на дел од учениците во II, III и IV одделение по предметите Македонски јазик и Математика | Стимулирачка и мотивирачка атмосфера која ја создава училиштето поттикнува интерес за учење кај учениците. Трудовите од учениците се истакнуваат во училниците и ,,ѕидниот весник“. Трудовите редовно се менуваат согласно со целите на наставата и учењето. Учениците и наставниците ја доживуваат училницата и другите простории како мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење и работа. Дел од учениците имаат одговорности и вон наставата. Во секоја училница во училиштето има паноа на кои се презентираат трудовите од учениците. Најчесто тука се ставаат изработките од темата која се реализира во моментот. Во холовите во училиштето има огласни табли на кои покрај известувања за одредени активности кои се случуваат во училиштето (пр. конкурси, известувања ), се изложуваат и трудови на ученици, добиени дипломи од учество на натпревари, паноа од акции како Засади ја својата иднина, прослави на патронен празники сл.<br><br>Секој труд од учениците на одреден начин се настојува да се истакне пред другите ученици и возрасни и има позитивно влијание на нивната мотивација.<br><br>Учениците и наставниците се мотивирани за практична работа. Учениците заеднички работаат на различни проектни активности во и надвор од наставата најчесто во група. Притоа се поттикнува и зајакнува соработката меѓу учениците и со наставниците.<br><br>Во рамките на проектот „Со читање до лидерство“ од страна на педагогот спроведено е испитување за постигнувањата на дел од учениците во II, III и IV одделение по предметите Македонски јазик и Математика на македонски и албански наставен јазик. При истражувањето користени се ЕГРА и ЕГМА инструменти за дијагностицирање на почетната состојба. Истражувањето е изведено на ниво на Македонија при што првично беа вклучени 42 училишта, а потоа се вклучија скоро сите училишта во Р. Македонија.. За реализација на истражувањето согласност дадоа родителите на вклучените ученици и истите беа избрани по случаен избор. Во нашето училиште секоја година се презентираат резултатите од испитувањето и рангирањето на училиштето. |

| ***3.4. Задоволување на потребите на учениците*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| • Одделенски дневници<br><br>• Дневник за работа на педагог<br><br>• Дневник за работа на директор (евиденција од посета на часови) | Преку степенот на усвоеност на наставните содржини и согледувања од непосредното следење на односот на ученикот кон учењето во сите етапи на наставниот процес се врши идентификација на образовните потреби на учениците.<br><br>Најголем број на наставници користат различни техники на поучување и оценување на учениците според индивидуалните образовни потреби на учениците. Во оценувањето користат различни методи кои ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум. Наставниот кадар и училишниот педагог ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик, но истите не се идентификуваат системски. |

| ***3.5. Оценувањето како дел од наставата*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| • Програма за подобрување на оценувањето во училиштето<br><br>• Одделенски дневници<br><br>• Дневни оперативни планови<br><br>• Записници од следење на | Училиштето има пишана и јасно дефинирана политика за оценување. Ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците вклучувајќи го и етичкиот кодекс на оценување.<br><br>Сите од наставниците користат стандардизирани критериуми за оценување со кои се запознати учениците и заинтересираните родители. Застапени се формите на оценување согласно законските стандарди и прописи: усно и писмено, описно и бројчано.<br><br>Поголемиот број на наставници користат различни методи и инструменти за оценување и следење на напредкот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето – преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл. |

| | |
|---|---|
| наставата<br><br>• Професионални досиеја од наставници<br><br>• Педагошки картон<br><br>• Индивидуални евиденции на наставници<br><br>• Екстерно проверување на учениците | Диференциран критериумски пристап во оценувањето на учениците со различни способности усогласен со целите на наставата/наставните програми ретко се практикува.<br><br>За секој наставник редовно и уредно се води професионално досие и се пополнува педагошки картон.<br><br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа (усни или писмени), дискутираат за нивните постигања, но заклучоците несекогаш влијаат на идентификација на идни активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.<br>Наставниците ги користат тие информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.<br><br>МОН И БРО од учебната 2012/2013 година преку ДИЦ започна со спроведување на екстерна проверка на знаењата на учениците од IV до IX одделение. Постигањата на учениците од I до III одделение и вештините од IV до IX одделение се проверуваат преку проверка на портфолиото на ученикот по соодветниот предмет. Проверката ја врши интерна комисија која ја формира директорот на училиштето.<br><br>Екстерното проверување на учениците од IV до IX одделение продолжи и во следните учебни години ( 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 ).<br>Во учебната 2016/2017 година согласно најновите измени на Законот за основно образование, процесот на екстерно и интерно проверување на учениците од основно образование се укинива. |

| ***3.6. Известување на родителите за напредокот на учениците*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
| • Евиденции од наставници,<br><br>• Одделенски раководители<br><br>• Педагог<br><br>• Одделенски дневници<br><br>• Педагошка документација | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Учениците и нивните родители за својот напредок добиваат усни и писмени информации. Усните информации ги добиваат од соодветниот предметен наставник, одделенскиот раководител/наставник, педагогот и директорот, преку индивидуални или групни средби и разговори, формални и неформални средби.<br><br>Родителите добиваат и пишани извештаи со информации преку педагошки досиеа на учениците во одделенска настава кои содржат детали за постигањата и напредокот на учениците и информации за нивниот личен и социјален развој.<br><br>Во предметна настава најчесто преку оценети тестови и писмени работи, писмени известувања со оценки од оделенски дневник, ученички книшки односно евидентни листи за секој |

| | |
|---|---|
| (евидентни листови, свидетелства, главна книга)<br>• Електронска документација ( е – дневник)<br>• План и програма за соработка со родител<br>• Куќен ред | класификационен период, свидетелства.<br><br>Секој наставник уредно води е – дневник. Родителите на учениците имаат постојан пристап до информациите на е – дневникот. Преку доставените е-адреси родителите редовно се информирани за оцените, редовноста во наставата и содржините кои ги усвојуваат нивните деца.<br><br>Се организираат редовни општи родителски средби, групни средби на родители од ученици определени според успехот и поведението, индивидуални родителски средби спроведени во соработка на училишните субјекти. На родителите/старателите им се даваат реални и објективни информации за напредокот на учениците. Постои слаб интерес на родителите за учество на родителски средби. Училиштето е отворено за соработка со родителите со секој и во секое време и се обидува да го зголеми интересот за напредокот на детето од аспект на значењето на образованието воопшто.<br><br>Исто така родителите, односно стрателите се упатуваат на советување: доколку ученикот во текот на наставната година има негативна оцена по три или повеќе предмети, доколку има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостанци, доколку е недисциплиниран, асоцијално се однесува, учествува во тепачки, го навредува наставникот, доколку во краток период значително му опаднал успехот...<br><br>Училиштето истакнува план за соработка со родители кој ги овозможува средбите на родителите со сите наставници.<br><br>Постигнатите резултати на учениците и развојните активности на училиштето, родителите може да ги следат на<br>fb страницата: ООУ„ Свети Климент Охридски Драслајца“<br>и на блог страницата https: // ouklimentohridski.wordprees.com/ |

| ***Други извори на податоци*** | ***Вклучени во собирањето на податоците*** | ***Кои информации се собрани?*** |
|---|---|---|
| • Анкетен прашалник за наставници<br>• Интервју | Тимовите од наставници | Наставниците меѓусебно соработуваат, разговараат и разменуваат мислења и искуства.<br><br>100% од наставниците се изјасниле дека редовно и навремено ги изготвуваат годишните, тематските и дневните планирања.<br><br>68% од наставниците редовно на крајот од секој час ги информираат |

| | | |
|---|---|---|
| | Документација на педагог | учениците за успехот кој го постигнуваат. 19% од наставниците ги информираат понекогаш, а 13% од наставниците ги информираат нивните родители.<br><br>Во однос на комуникацијата родител-училиште 22% од наставниците ги информираат родителите само на редовни родителски средби, 67% редовно комуницираат со родителите барем еднаш во месецот и ги информираат за сите промени кај нивното дете, 11% на родителите им испраќаат писмени извештаи за успехот, поведението и редовноста, како и некои забелешки во врска со нивното однесување.<br><br>70% од наставниците се изјасниле дека секогаш применуваат интерактивни методи и групна форма на работа, 27% само понекогаш кога ќе предвидат дека ќе даде посебни резултати и 3% применуваат според видот на наставната содржина .<br><br>Во училиштето се обезбедува поддршка на наставниците почетници., при што им се обезбедува ментор кој ги упатува. Училиштето редовно не испраќа на семинари кои ги организира БРО и МОН.<br>Квалитетот на наставата зависи и од добрата обученост и стручно усвршување на наставниците кои имаат започнато да пополнуваат папки за професионален развој и кои ги посетиле следниве семинари и обуки:<br>• Обука за задавање на инструментите за јазична и математичка писменост ЕГРА и ЕГМА, Проект „Со читање до лидерство“/ УСАУД / Чекор по чекор, 30 март-2 април, 2014 година, хотел „ Белви“ – Охрид<br>• Обука за новите наставни програми по математика и природни науки по Кембриџ за I, II и III одделение, јуни, 2014 година и јануари 2015 година<br>• Обука за новите наставни програми по природни науки по Кембриџ за IV и V одделение, БРО, 17-18.08.2015<br>• Обука за новите наставни програми по математика по Кембриџ за IV и V одделение, БРО, 18.05.2016<br>• Обука за Формативно оценување на учениците од одделенска настава, БРО – Охрид од 04-07.09.2016 и обука на албански јазик од 27-29.04.2016 година Охрид<br>• Обуки во рамките на проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ – Компонента: Професионален развој за наставниците од одделенска настава:<br>-„Читаме, учиме се забавуваме“ – 19.09.2015<br>-„Математика +“ 23.04.2016<br>-„Нашата училница – нашиот свет“ – 30.01.2016<br>-„Дигитални ресурси“ – 07.10.2015 |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Мрежен настан – презентација на развојни активности, 22.04.2016 ( Бевме училиште домаќин, на колегите од ООУ„Симче Настоски“ – Вратница и ПОУ„ Маца Овчарова“ – Велес )<br>• Обука: Современи методи и пристапи во наставата по физичко и здравствено образование за учениците од IV и V одделение – 05.12.2016<br>• Едукативен семинар; Вештини за адолесценција – МОН и UNODC, Охрид, септември 2015<br>• Обука УСАИД „ Со читање до лидерство“: Ефективна настава со ученици со потешкотии при читање – спроведувач Центар за развој на образованието „ Корени“ - 30.06.2016<br>• Учество во пилотирање на процедури за напредување во звање на Стручен соработник – Ментор 24.03.2016<br>• Семинар:„Континуирано усовршување на наставниците по физичко образование, основа за професионално напредување“, Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје, Агенција за млади и спорт на Р. Македонија и БРО, септември 2014 година, септември 2015 година и септември 2016 година<br>• Напредна обука за меѓуетничка интеграција во образованието во двојазичните училишта, Теми: Демократска партиципација на учениците, Групно одлучување / решавање на проблеми, Заеднички активности со учесници од различни наставни јазици, УСАИД / Центар за човекови права и разрешување на конфликти, октомври, 2014 година - Скопје<br>• Обука за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта, Граѓанско образование, БРО, Државна комисија за спречување на криминал, 15.12.2014 година<br>• Имплементација на Кембриџ по математика во предметна настава за VI одделение – 17-18.08.2015, а за VII, VIII и IX на 29-30.06.2016 година<br>• Иновации и претприемништво, БРО – НОЕЗИС, 15.11.2014 година<br>• Имплементација на Кембриџ по предметот биологија за VII, VIII и IX одделение – 27-28.06.2016<br>• Обука на тема: Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта, БРО и Државна комислија за спречување корупција 15.12.2014<br>• Обука за имплемантација на програмата Кембриџ за предметите физика и хемија, БРО 27-28.06.2016 година<br>Од евиденцијата може да се констатира дека посетата на обуки во последните неколку години е доста интензивирана... Ова особено се |

| | | |
|---|---|---|
| | | однесува на обуки од програмите за користење на современи методи и техники во наставата, особено по програмата Кембриџ. |
| • Анкетен прашалник за учениците<br><br>• Интервју за испитување на ставот на учениците за оптовареноста во училиштето | Тимовите од наставници<br><br>Педагог | Поголем број од учениците се изјасниле дека најмногу им се допаѓа кога наставникот интересно и на различни начини ја организира наставата и кога применува различни нагледни средства: компјутер, графоскоп, касетофон, ЦД плеер,слики, графикони, географски карти и др.<br><br>94% од учениците се изјасниле дека тој или некој од неговото одделение учествувал на натпревар минатата година.<br><br>76% од учениците се изјасниле дека најмногу им се допаѓа кога работат во група, на 15% им се допаѓа кога работат во парови, а на 9% кога работат самостојно.<br><br>76% од учениците сметаат дека наставниците многу ги оспособуваат самостојно да учат дома и на училиште. Дел од учениците 18% сметаат дека тоа оспособување е малку.<br><br>100% од учениците сметаат дека училиштето има соодветна просторија за непречено одвивање на активностите по физичко и здравствено образование, а тоа е новата училишна спортска сала модерно опремена со сите реквизити за непречено реализирање на наставните содржини по наставниот предмет Физичко и здравствено образование.<br><br>82% од учениците сметаат дека училиштето праведно ги казнува учениците кои не го почитуваат куќниот ред, а 12% смета дека воопшто не се казнуваат.<br>Најголем број од учениците се изјасниле дека наставниците при оценувањето и третманот не прават разлика меѓу учениците (по пол, социјално потекло и сл.).<br>Од направеното интервју, резултатите покажуваат дека учениците за најтешки и обемни предмети ги сметаат: математика, хемија, физика и историја.<br><br>Фактор кој најмногу допринесува за оптовареност на учениците е обемноста и тежината на наставниот материјал и големиот број на часови.<br><br>При оценувањето, учениците сметаат дека поголемиот број наставници го почитуваaат нивното мислење, но критериумите за оценување од наставник до наставник се разликуваат. |
| • Анкета со родители | Тимовите од наставници | Анализата на податоците од анкетата покажа дека:<br>Училиштето добро ги известува родителите за успехот, дисциплината и редовноста на нивните деца; |

| | | |
|---|---|---|
| • Интервју | | Родителите сметаат дека при реализација на родителските средби потребно е да бидат присутни и другите наставници кои предаваат во одделението (предметна) настава бидејќи од одделенскиот наставник може да се добијат само општи податоци.<br><br>Родителите се чувствуваат сигурно додека нивното дете е на училиште<br><br>Родителите сметаат дека фактор кој најмногу придонесува за оптовареност на учениците во училиштето е големиот број на часови. |

**Самоевалуација на училиштето: Свети Климент Охридски с. Драслајца Подрачје бр.3: Учење и настава**

| |
|---|
| РЕЗУЛТАТИ |
| КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ<br><br>• Изградена спортска сала, модерно опремена со сите реквизити, за непречено реализирање на наставните содржини по наставниот предмет Физичко и здравствено образование<br>• Зголемено учество на индивидуални и групни натпревари по повеќе предмети и освоени високи резултати ( I, II и III место) на општинско, регионално и државно ниво<br>• Водење на портфолија за учениците<br>• Обученост на наставниот кадар за користење на ИКТ во наставата.<br>• Навремено и солидно изготвени планови и програми.<br>• Често присуство на обуки организирани од страна на МОН И БРО |
| КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ<br><br>• Дел од наставниците ја пренесуваат наставната програма на неинвентивен начин – премногу конвенционално<br>• Немотивираност и незаинтересираност на учениците за подобрување на слабите резултати |

***Анализа на резултатите:***

Наставниците планирањата ги изработуваат според барањата и стандардите поставени од БРО и МОН, а за помош при работата добиваат урнеци и насоки за ефикасно планирање (особено на нововработените).
Наставниците реализацијата на наставата редовно и навремено ја планираат преку изготвување на: годишно глобално планирање, тематско планирање и дневно оперативно планирање, планирање на одделенските часови и додатна настава.
Навременоста и кавалитетот во изработкаат на наставните планови и програми се следат од страна на директорот и педагогот во училиштето. Од податоците во евидентниот лист може да се види дека наставниците навремено ги доставиле годишните глобални и тематски планирања. По извршените увиди во планирањата на наставниците се вршат консултации заради надминување на одредени пропусти доколку ги има.
100% од наставниците се изјаснале дека редовно и навремено ги изготвуваат годишните, тематските и дневните подготовки.
Наставниците меѓусебно разговараат и разменуваат мислења и искуства.
Во училиштето се обезбедува поддршка на наставниците почетници.
Квалитетот на наставата зависи и од добрата обученост и стручно усвршување на наставниците, кое во последните години е доста застапено.
Наставниците сметаат дека не се обезбедува подршка (обуки и матерјални сретства) за работа со деца со Посебни образовни потреби
Од евиденцијата може да се констатира дека застапеноста на обуки во последните неколку години е доста интензивирана. Ова особено се однесува на обуки од програмите за користење на современи методи и техники во наставата – преку проектот „Со читање до лидерство“, користење на ИКТ (информатичко комуникациска технологија) , интегрирање на еколошката едукација во образовниот систем, превенција од насилно однесување во училиштето, мултиетничка соработка, јазична писменост во почетните одделенија, обука за успешна примена на новите наставни планови и програми по предметите каде е воведен Кембриџ. Наведените обуки успешно продолжуваат да се инплементираат во секоја учебна година.
Работата на наставниците се следи и оценува од неколку аспекти:

- навременост и редовност во изработка на годишни тематски и дневни подготовки;
- реализација на програмата преку непосредно следење на наставата;
- редовност на работното место во текот на годината;
- следење на ефикасноста во водењето и пополнувањето на педагошката евиденција и документација.
- редовно неделно водење на е - дневник

Доколку при следењето се откријат пропусти во работата на наставниците, тие се известуваат и им се обрнува внимание дека треба да се почитуваат законските обврски, насоки кои се добиваат од правилници и слично.
Во холовите во училиштето има огласни табли на кои покрај известувања за одредени активности кои се случуваат во училиштето (пр. конкурси, известувања ), се изложуваат и трудови на ученици. Во секоја училница во училиштето има паноа на кои се презентираат трудовите од учениците. Најчесто тука се ставаат изработките од темата која се реализира.
Учениците во текот на школската година се оценуваат.
Поголемиот број на наставници користат различни методи и инструменти за оценување и следење на напредокот на

учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето – преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.
За резулатите кои ги постигнале нивните деца  родителите се известуваат преку родителски средби, евидентни листови за успехот на учениците, свидетелства и сл.
Поголем број од учениците се изјасниле дека најмногу им се допаѓа работењето во групи на час, како и наставата кога се употребуваат компјутер, ЛЦД проектор,  ЦД плеер и др.
Најголем број од  учениците  се изјаснале дека наставниците при оценувањето и во односот кон нив  не прават разлика меѓу учениците (по пол, социјално потекло  и сл.).
При оценувањето, учениците сметаат дека поголемиот број наставници го почитуваaат  нивното мислење, но критериумите за оценување од наставник до наставник се разликуваат.
Училиштето добро ги известува родителите за успехот, дисциплината и редовноста на нивните деца. Родителите сметаат дека при реализација на родителските средби потребно е  да бидат присутни и другите наставници кои предаваат во одделението (предметна настава ) бидејќи од одделенскиот наставник може да се добијат само општи податоци. На посебни средби се повикуваат родителите на ученици кои покажуваат континуирано слаб успех.
Во училиштето се обезбедува поддршка на наставници почетници, при што се назначува ментор кој ја следи и насочува нивната работа. Наставниот кадар редовно се испраќа на семинари и обуки кои ги организира БРО и МОН

**Идни активности:**

- Организирање на интерна обука за користење на интересни техники  за време на наставен час во предметна настава
- Организирање и одржување на Квиз – натпревари на знаења во предметна настава
- Изготвување на тематски тестови за проверка на знаењата од страна на одделенските наставници на ниво на училиште во одделенска настава

| ***4.1. Севкупна грижа за учениците*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење,алкохол и дрога<br>• Квалитетна достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за ученици од социјално загрозени семејства |
| • Евиденцијата на училиштето<br>• Дневник за работа на<br>• Наставнички Совет<br>• Годишна Програма за работа<br>• Педагошка евиденција<br>• Извештај од реализирани едукативни работилници<br>• Фотографии<br>• Куќен ред<br>• Педагошка евиденција | Наставниот кадар и раководниот тим на училиштето се грижат за заштитата и благосостојбата на сите учениците како дел од својата морална обврска и работна задача.<br>Во тој контекст водејќи сметка за различностите, училиштето се вклучи во програмата „Ние сме Визуелни“, при што беше претставен краток филм за животот на аутистично дете во семејтвото и училиштето.<br>Редовно се организираат активности за запознавање на учениците со сајбер-насилството, разлиностите и заштита од истото.<br>Во училиштето се подготвува интерен акт, План за заштита и спасување од елементарни непогоди (земјотрес, поплава, пожар, суша, одрони) како и План за работа на училиштето за време на воена состојба, со цел да се заштитат животот и здравјето на учениците, но за тие акти не се изведува симулација. Во училиштето само мал број на наставници се обучени за работа со противпожарни апарати, а учениците не се воопшто обучени.<br>Од оваа година, со донацијата од Јапонската Амбасада во рамките на „Проектот за рехабилитација на основното училиште Св. Климент охридски од село Драслајца општина Струга“ поставени се:<br>- Автоматски систем за дојава на пожар 1<br>- Автоматски јавувачи – оптички 25<br>- Рачни јавувачи 5<br>- Плафонски самогасечки ПП апарати 6<br>- ПП сирена 1<br>Во рамките на проектот предвидена е и обука на вработените со ПП апарати.<br>Од оваа година, исто така, со донација на Приватното Претпријатие ПН Метал обезбедена е метална ограда околу целото училиште, со што е обезбеден училишниот двор, како и учениците, наставниците и сите останати субјекти.<br>Во училишната инфраструктура не постојат предмети кои претставуваат опасност по безбедноста на учениците. Според тоа, наставата во училиштето може безбедно да се изведува.<br>Во ходникот на училиштето е поставен кодекс за однесување. Според него е утврдно однесувањето на учениците, нивните родители и наставниците во рамките на училиштето.<br>Забранета е консумација на алкохол и забрането е пушење во училиштето. Исто така консумацијата на наркотични средства и нивната дистрибуција е строго забранета. При случај на појава на отстапување |

| | |
|---|---|
| | од таквата забрана се врши регистрација и се интервенира по истата.<br>Училишната кујна не е во функција, па затоа учениците сами се снабдуваат со храна. Раководството на училиштето се обиде да ја стави во функција, со тоа што, по добиена согласност од Општина Струга објави оглас за изнајмување на училишната кујна, но за жал немаше интерес и никој не се јави на огласот.<br>Училиштето нема прилагодено пристап на учениците со телесни пречки во нивниот развој. |

| ***4.2. Здравје*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за ученици со здравствени проблеми |
| • Правилник за работа на технички персонал<br><br>• Записници од инспекциски надзор<br><br>• Информации од систематски прегледи<br><br>• Дневник за работа на стручни органи<br><br>• Дневник за работа на педагог | Грижата за здравјето на учениците се врши преку редовните систематски прегледи, кои ги изведуваат доктори за школска медицина. Исто така преку прашалници за родители, разговори со нив, извешта од систематските прегледи како и од медицински белешки од матичните доктори<br>се прибираат податоци за физичката и здравствената состојба на учениците.<br><br>Кај учениците кај кои има појава на здравстевени проблеми, нивната состојба се следи во рамките на училиштето и во соработка со нивните родители. Со таквите ученици има посебен психолошки третман од страна на вработените во училиштето. Особено се внимава да нема појава на социјални, како и афективно-емоционални последици. Родителите лично добиваат информации за состојбата на нивните деца.<br><br>Поради блокирана сметка од 2013 година и недостиг на материјални средства, наставниот кадар на училиштето нема редовни систематски прегледи.<br><br>Хигиената на просториите во училиштето, како училници и канцеларии се одржува со нивно секојдневно чистење. Училишниот двор се одржува со чистење два пати на ден. Посебно внимание се посветува на хигиената на тоалетите за учениците и за наставниците. Тие исто така секојденвно се чистат. За фрлање на отпадоците во секоја просторија и во училишниот двор има поставено корпа за за отпадоци. Училиштето врши селекција на хартија и истата ја дава за рециклирање во картонажа, а за возврат добива хартија за печатење. За таа цел поставени се корпи наменети специјално за хартија.<br><br>Во секоја училница се поставени плакати со процедура за правилно миење на рацете. Училиштето се придржува до зададените процедури ако се појават заразни болети во рамките на училиштето.<br><br>Раководните органи, одделенскиот раководител, педагогот и родителите во соработка со надлежните институции договараат какви мерки треба да се превземат за случаи кога поради болест се случува учениците подолго да отсуствуваат од настава. |

| 4.3. Помагање при избор на занимање/институција за понатамошното образование | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование. Доусовршување или вработување<br>• Грижа за ученици со емоционални потешкотии |
| • Програма за работа на педагогот<br><br>• Извештај од работа на педагогот<br><br>• Програма за професионална ориентација на учениците<br><br>• Статистички прегледи и извештај за професионалната определба на учениците<br><br>• Евиденции од соработката со родители | Во училиштет, активностите со подрачја предвидени со годишната програма ги реализира стручниот соработник, педагог, со примена на разни методи и форми на работа.<br>Програмата, со која на учениците од деветто одделение, им се помага при нивното натамошно образование, односно професионално ориентирање ја води стручниот соработник, педагогот на училиштето. Тоа вклучува негова постојана соработка со класните раководители на дадените одделенија и со директорот. Со цел да ја презентираат својата програма на учениците, училиштето најчесто го посетуваат ЕМУЦ, општинското угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески“ од Охрид, приватнот училишта Јахја Кемал, СОУ „Нико Нестор“, СОУ „Др. Ибраим Темо“ од Струга . Тие пред учениците од завршните одделенија ја презентираат програмата за работа на нивните училишта.<br><br>-Професионалните интереси и афинитети на учениците се испитуваат со помош на on-line испитувања, но и анкета-предавања, со чија помош се утврдуваат и се препознаваат интересите кон специфична професија од страна на учениците.<br>-Некои општински и средни училишта огранизираат денови каде учениците од деветто одделение можат да ги посетат и одблиску да се запознаат со работата на училиштата. Исто така и самите училишта праќаат свои претставници во посета на училиштето за презентирање на нивната програма.<br>-Следењето на успехот на учениците не завршува со нивниот премин во средно туку и понатака се следи и се прави споредба со дотогашниот нивен постигнат успех, додека биле ученици на тоа училиште.<br>-Училиштето постојано соработува со средните училишта за да се обезбеди упис на учениците и нивно подобро професионално ориентирање, но и понатамошно следењето на постигнатиот успех.<br>-За часовите на одделенската заедница се изготвува програма, за чија реализација се задолжени одделенските раководители.<br>-Училиштето посветува посебно внимание за комуникацијата со родителите да се подигне на повисоко ниво. Во таа насока се движат и измените на законот за основно образование, според кои се предвидени редовни средби со родителите и нивно советување во случај:<br>1. ученикот е нередовен при посетата на настава;<br>2. континуирано покажува слаб успех или значително го намали успехот во учењето;<br>3. покажува однесување кое не соодветствува со поставените норми .<br>-Педагогот на учулиштето посетува соодветни семинари и советувања со цел полесно следење на учениците кај кои се забележани емоционални проблеми кои можат да бидат од најразличен карактер. За таа цел редовно се соработува со центрите за социјалнасо стручнитеработа, полицијата, здравстените домови. Се разменуваат мислења и искуства со стручни соробатници од други |

| | |
|---|---|
| | училишта. Доколку има потреба проблематичните учениците се праќаат во соодветните служби. |

| ***4.1. Следење на напредокот*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа за напредокот на учениците по паралелки |
| • Одделенски дневници<br><br>• Педагошки досиеја од ученици<br><br>• Дневник за работа на стручни органи<br><br>• Извештаи и анализи за успехот, поведението и редовноста на учениците од педагогот<br><br>• Евиденција за редовноста и поведението на учениците (одделенски раководители, педагог)<br><br>• Дневник за работа на директор<br><br>• Записници за педагошки мерки | Наставниците се задолжени за следење и бележење на редовноста, постигањата и поведението поединечно за секој ученик во одделенска настава. Исто така се следи нивниот социјален и емоционален развиток. Педагогот подготвува инструменти за следење на учениците, како стручна помош на одделенските раководители. Одделенските раководители се задолжени за подготовка на извештаи и анализи на постигањата на учениците за секоја паралелка после завршетокот на секое тримесечие од учебната година. Помеѓу родителите, одделенските раководители, педагогот и директорот на училиштето постои успешна соработка.<br><br>Училишниот педагог е задолжен за изготвување на извештаи и анализи за успехот, редовноста и поведението на учениците. На одделенските и наставничките совети, состаноците на училишниот одбор и на советот на родители се разгледуваат изготвените педагошки и стимулативни мерки кои се превземаат. Истите се изготвени од страна на педагогот а а право на увид имаат сите заинтересирани.<br><br>Поведението и редовноста на учениците се предмет на континуирано следење во текот на целата учебна година. За тоа се задолжени одделенските раководители и педагогот на училиштето. Нивната евиденција е запишана во дневниците на секоја паралелка, електронските дневници, евидентните листови кои ги добиваат учениците, како и во свидетелствата и во главните книги.<br><br>Евиденцијата е достапна за сите заинтересирани родители наставници, но и за други надлежни институции. Родителите истовремено имаат повеќе можности за информирање. Раководните органи на училиштето и Просветниот Инспекторат исто така навремено ги добиваат сите потребни информации. Родителите навремено го известуваат училиштето за отсуството од настава на нивните деца.<br><br>Однесувањето на учениците за време на нивниот престој во училиштето е пропишано со Правилникот за однесување, со кој се запознаени и учениците и нивните родители. Во случај на кршење на дадените правила, се применуваат педагошки мерки и воспитни постапки пропишани соодветно со Правилникот.<br><br>Резултатите од направените анализи понатака се користат во процесот на подобрување на воспитно-образовната работа. |

| ***Други извори на податоци*** | ***Вклучени во собирањето на податоците*** | ***Кои информации се собрани?*** |
|---|---|---|
| • Анкетен прашалник за ученици<br><br>• Интервју | Тимови<br><br>Педагог | 76% од учениците сметаат дека наставниците ги оспособуваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во наставата, а исто толку сметаат дека најмногу им одговара групната форма на работа за време на час.<br>81 % од учениците се изјасниле дека доколку имаат проблем се обраќаат до одделенскиот наставник и до училишниот педагог.<br>57 % од учениците сметаат дека се добро информирани за штетното влијание на пороците како сто се дрога, алкохол и цигари.<br>79 % од учениците се изјасниле дека го почитуваат куќниот ред, а 21 % понекогаш го почитуваат, 82 % сметаат дека правилно се казнуваат доколку отстапуваат од почитување на истиот.<br>46 % од учениците сметаат дека условите во санитарните јазли ги задоволуваатнивните потреби, додека пак 54 % мислат дека истите треба да се подобрат.<br>75 % од учениците се изјасниле дека училиштето им помага при избор на натамошното образование и тоа, преку разговор со одделенскиот раководител се информирале 41% од учениците, преку конкурси за уписи поставени на огласна табла 12 %, додека 14 % од учениците се информираат преку разговор со стручната служба.<br>Учениците сметаат дека им недостига просторија за активен одмор (слушање музика и др. ) во слободно време.<br>Учениците се задоволни од укажаната поддршка од страна на училиштето за учество во КУД, спортски клубови и имаат слух за ослободување од настава и салата за одвивање на активностите на часот по физичко воспитание. |
| • Анкетен прашалник за родители<br><br>• Интервју | Тимови<br><br>Педагог | 91 % од родителите се задоволни од состаноците со наставниците и сметаат дека тие се корисни и информативни.<br>91% од родителите сметаат дека секогаш и добро се информирани за успехот на своето дете.<br>63% од родителите сметаат дека нивното дете на училиште добива солидна помош од наставниците.<br>47 % од родителите се изјасниле дека нивното дете немало проблем со одреден наставник, а тие кои имале 19 % се обраќале и го решавале проблемот со самиот наставник, 53 % кај одделенскиот раководител, 6 % кај училишниот педагог, а останатите не се обратиле никаде.<br>75 % од родителите сметаат дека училиштето превзема соодветни мерки за заштита на децата од болестите на зависност, како што се алкохол, дрога, цигари.<br>88 % од родителите се чувствуваат сигурно додека нивното дете е на училиште.<br>85% од родителите сметаат дека централното училиштето ги исполнува основните услови за непречно одвивање на наставата по физичко и здравствено образование, додека во |

| | | |
|---|---|---|
| Анкетен прашалник за наставници<br><br><br><br>Интервју | Наставници<br><br><br><br><br><br>Педагог | подрачните училиште се согласуваат 22 %.<br>63% од родителите се изјасниле дека се запознаени со критериумот за превземање на педагошки мерки кон учениците кои не го почитуваат куќниот ред.<br>94% од наставниците сметаат дека училиштето во потполност ги реализира наставните планови и програми онака како што се предвидени од Министерството за образование и наука.<br>68 % од наставниците редовно на крајот од секој час ги информираат учениците за напредокот што го постигнуваат, а 19% од наставниците понекогаш ги информираат.<br>67 % од наставниците редовно комуницираат со родителите, барем еднаш месечно и ги информираат за сите промени со нивното дете, 22 % ги информираат родителите на родителски средби.<br>61 % од наставниците секогаш ги споредуваат резултатите кои ги постигнуваат учениците со постигнатите резултати од претходните години.<br>82 % од наставниците сметаат дека нема ученици со посебни образовни потреби, 12 % од наставниците понекогаш за нив организираат посебни часови, а 6% од наставниците се однесуваат со нив исто како со останатите ученици .<br>55% од наставниците сметаат дека во училишната библиотека има стручна литература од нивната област, 33 % дека нема, а 9 % не се запознаени со тоа.<br>Од наставните средства со кои располага училиштето, наставниците при реализација на час најмногу користат компјутери, касетофони, ЛЦД проектор. |
| Визуелен доказ (декор во училницата) | Наставници<br>Педагог | Ученичките изработки се истакнуваат на училишните паноа, притоа водејќи сметка за рамноправна застапеност на девојчињата и на момчињата. |
| Извештај од истражување за рани деформитети кај учениците | Тимовите<br>Наставник по физичко образование | Во учебната 2012/2013 година на систематски преглед се прегледани 141 ученик односно 59% од вкупниот број на ученици. Од нив 73 се женски, а 66 машки.<br>Во учебната 2013/2014 година извршен е систематски преглед на 114 ученици кои преставуваат 49% од вкупниот број на ученици. Од нив 63 се женски, а 51 машки.<br>Во учебната 2014/2015 година на систематски преглед се прегледани 144 ученици односно 60 % од вкупниот број на ученици. Од нив 78 се женски, а 66 машки. Систематските прегледи за учебната 2014/2015 се извршени во период ноември(2014) –февруари(2015) година.<br>Во учебната 2015/2016 година на систематски преглед се прегледани 111 ученици односно 49 % од вкупниот број на ученици. Од нив 58 се женски, а 53 машки<br>На систематскиот преглед во учебната 2016-2017 се прегледани вкупно 135 ученици, од кои 70 се машки и 65 женски. Оваа бројка претставува 58 % од вкупниот број на ученици во училиштето.<br>Учениците кај кои се откриени деформитети се испратени на лекарски преглед.Училиштето не располага со наставни помагала за обавување на корективна гимнастика. |

**Самоевалуација на училиштето: Свети Климент Охридски с. Драслајца Подрачје бр.4 Поддршка на учениците**

| РЕЗУЛТАТИ |
|---|
| КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ:<br>• Учениците се чувствуваат сигурни и безбедни во училиштето.<br>• Родителите сметаат дека состаноците со наставниците се корисни и информативни се задоволни од соработката со нив.<br>• Учениците сметаат дека салата им обезбедува непречено одвивање на активностите по физичко и здравствено воспитание.<br>• Родителите се чувствуваат сигурно додека нивното дете е на училиште.<br>• Соработката меѓу наставниците, учениците и родителите е на високо ниво.<br>• Училиштето обезбедува соодветна помош при избор на натамошното образование на учениците.<br>• Учениците се задоволни од помошта што им ја дава училиштето при избор на натамошното образование.<br>• Наставниците секогаш ги споредуваат резултатите кои ги постигнуваат учениците со постигнатите резултати од претходните години.<br>• Во одделенска и во предметна настава во евиденцијата за индивидуалниот напредок на учениците (досиеа) постојано се следи напредувањето на ученикот со индивидуализација на неговите развојни потенцијали.<br>• Нема дискриминација на учениците според полот, местото на живеење, социјален статус и потекло.<br>• Учениците се добро запознати со штетните последици од користење на алкохол, дрога и цигари.<br>• Во училиштето има процедура и се превземаат активности за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. |
| КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ:<br>• Во училиштето има недостаток на технички персонал, во ПУ Мороишта и за Фискултурната сала фали хигиеничар<br>• Нема редовни систематски прегледи на наставниците бидејќи сметката на училиштето е блокирана од 2013 година и има недостиг на материјални средства<br>• Неизграден систем за детекција на ученици со посебни потреби,образовни тешкотии, здравствени психо-физички и емотивни проблеми со мерни инструменти за индивидуализирана работа<br>• Нема пропишани процедури (на национално ниво) за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми (семејно насилство, негрижа, разводи, болест и постконфликтни трауми), како и за учениците со телесни пречки во развојот<br>• На наставниците по странски јазик потребно им е усовршување преку студиски престој во земјите во кои активно се зборува јазикот<br>• Потреба од обуки за брза и соодветна реакција при елементарни непогоди и за ракување со ПП опремата. |

***Анализа на резултатите:***

Грижата за здравјето на учениците се врши преку редовните систематски прегледи, кои ги изведуваат доктори за школска медицина. Предвидените систематски прегледи се извршени во периодот ноември–декември во I, III, V, VII, IX одделение Учениците кај кои се откриени деформитети се испратени на лекарски преглед. Училиштето не располага со наставни помагала за обавување на коректива гимнастика , но се прават вежби на часот по физичко образование. Кај учениците кај кои има појава на здравстевени проблеми, нивната состојба се следи во рамките на училиштето и во соработка со нивните родители.

Професионалните интереси и афинитети на учениците се испитуваат со помош на он лајн испитувања, но и анкета-предавања, со чија помош се утврдуваат и се препознаваат интересите кон специфична професија од страна на учениците.

Дел од наставниците ( странски јазик ) сметаат дека е потребен студиски престој во тие земји каде активно се зборува јазикот, со цел да можат да им дадат подобра поддршка на учениците по предметите по странски јазик.

Родителите се задоволни од состаноците со наставниците и сметаат дека тие се корисни и информативни.

Училишниот педагог е задолжен за изготвување на извештаи и анализи за успехот,редовноста и поведението на учениците. На одделенските и наставничките совети, состаноците на училишниот одбор и на советот на родители се разгледуваат изготвените педагошки и стимулативни мерки кои се превземаат. Истите се изготвени од страна на педагогот а а право на увид имаат сите заинтересирани. Резултатите од направените анализи понатака се користат во процесот на подобрување на воспитно-образовната работа.

**Идни активности:**

- Во тек е замена на старата дограма со нова (во централното училиште) и до крајот на 2017 ќе биде завршена
- Во тек е оградување на училишниот двор (во централното училиште)
- Обезбедување обука за персоналот за брза и соодветна реакција при елементарни непогоди (пр. пожари ) од страна на релевантни институции

**Самоевалуација на училиштето:,,Свети Климент Охридски,, с. Драслајца**

**Подрачје бр.5: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Подрачје бр.5: Училишна клима и односи во училиштето** | | |
|---|---|---|
| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
| 5.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед / Имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| 5.2 | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.3 | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| 5.1. Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Углед / Имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| • Годишен извештај за работата на училиштето<br>• Годишна програма за работата на училиштето<br>• Дневник за работата на директорот<br>• Дневник за работата на педагогот<br>• Куќен ред<br>• Евиденција од одделенски раководители<br>• Дневник за работа на Одделенски и Наставнички Совети<br>• Закон за основно | Успехот што го постигнуваат учениците и високо квалитетната работа се показатели на нашето училиште.<br><br>Мисијата и визијата на училиштето им е позната на сите субјекти. Сите наставници со посебно внимание се однесуваат кон својот професионален развој, училиштето им нуди поддршка преку испраќање на семинари(100% од анкетираните наставници се сложуваат) се залагаат за напредок на учениците, ги споредуваат постигнатите резултати со претходните години(60,61% од наставниците) и се залагаат за повисока афирмација на училиштето.<br><br>Главна грижа на училиштето е зголемување на безбедноста на учениците, грижа за здравјето преку новата просторија – спортска сала за непречено одвивање на активности по физичко и здравствено образование (100% од учениците се задоволни) негување на мултикултура и родова сензитивност, но исто така води грижа и за вклучување на заедницата и родителите во работата на училиштето.<br><br>За пофалба е што голем број наставници се почитувани од родителите и заедницата, а училиштето и понатаму настојува да работи на подобрување на својот имиџ.<br><br>Во кодексот на однесување се наоѓаат сите правила и принципи според кои се раководи училиштето и сите субјекти се запознаени со истите. Кодексот е разгледуван од сите органи, а донесен од Училишниот одбор. Во анкетниот прашалник 78,72% од учениците одговориле дека го почитуваат. Доколку се прекрши некое правило, постојат процедури за реагирање во таков случај, а 81,82% од учениците одговориле дека праведно се казнуваат оние кои не го почитуваат.<br><br>Во училиштето слободно може да речеме дека владее позитивна клима, бидејќи има добри односи на соработка и меѓусебно почитување на повеќето училишни субјекти. Постои взаемно почитување на релација ученик-наставник и обратно, но секако истите треба и понатака да се развиваат и подобруваат. Само 21,21% од учениците одговориле дека наставниците ги земаат во предвид чувставата, мислењата и желбите на учениците. Дека наставниците се главни мотиватори и охрабрувачи за активноста на учениците, учениците во анкетниот прашалник потврдиле 75,76%. Кога доаѓа до одредени конфликтни ситуации од одредени субјекти, раководниот орган реагира навреме и ги решава и отстранува истите. Во однос на училишната клима, според добиените информации од |

| | |
|---|---|
| образование<br>• Правилници за однесување на Учениците во училиште<br><br>• Одделенски дневници<br>• Евиденција од педагог и директор<br>• Дневник за работа на Училишен Одбор<br>• Административна педагошка документација<br>• Дневник за работа на директорот | соработка со учениците, постојат односи на взаемно почитување меѓу учениците со различно етничко потекло, а истите училиштето продолжува да ги негува и разива и насочува во позитивен правец и да гради толеранција помеѓу младите, нормално, преку разни воспитно-образовни активности.<br><br>И кај учениците со различен пол, исто така, постои взаемно почитување и соработка, а во однос на различните физички и ментални способности и различни образовни потреби, учениците се третираат подеднакво, но и се почитуваат и се прифатени од сите возрасни и ученици во училиштето, што сведочи податокот дека, доколку има конфликт во одделението меѓу учениците, 79,73% од учениците одговориле дека застануваат на страната за која сметаат дека е во право, без разлика на полот и различните психо-физички способности.<br><br>Поведението и дисциплината во училиштето се на доста добро ниво, за време на часовите има работна атмосфера. Во однос на информирањето, учениците се навремено информирани за сето она што е од нивен интерес и секако учествуваат во решавањето проблеми. Според Законот за основно образование, учениците се оценуваат со оценка по поведение на прво полугодие и крајот на учебната година (примерно, добро, незадоволително). Училиштето редовно води евиденција во: одделенските дневници, главната книга, евидентните листови. |

| 5.2. Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| • Годишна Програма<br>• Годишен Извештај<br>• Power point Презентација на работата на училиштето<br>• Проспект-брошура<br>• Фотографии | Училиштето презема низа активности за навремено промовирање на постигањата на сите вработени и учениците. Наставниот кадар е успешен во организирање на средина за учење, каде поставува јасни очекувања за постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.<br><br>Постепено се гради мотивирачка средина за учење, што е резултат на професионалниот развој на кадарот и подобрување на условите за работа, а таа мотивирачка средина ги поттикнува учениците да си поставуваат повисоки цели и очекувања. Дури 69,70% од наставниците се расположени да се воведат повеќе проекти во кои ќе бидат вклучени.<br><br>Училиштето се труди во своите рамки да овозможи изразување на креативни способности на заинтересираните ученици, како во наставата, така и во воннаставните активности, преку учество во најразлични презентирања, проекти, подготовки за разни прослави, учество на натпревари, дури 93,94% од учениците учествувале на натпревари минатата учебна година. Понатаму учество на државни акции, претставување во други училишта и сл. Но често пати, дел од натпреварите се лошо организирани или недоволно стимулативни, па понекогаш истите и се избегнуваат.<br><br>Училиштето има за цел да развие систем на наградување на наставници, како и мотивирање за работа и поширока афирмација, но и систем за наградување на ученици што постинале успех и за нивните ментори. |

| 5.3. Еднаквост и правичност | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| • Дневник за работа на педагог<br>• Конвенција за правата на детето<br>• Закон за основно образование<br>• Дневник за работа на директор | Сите вработени во училиштето добро ги познаваат правата на децата и истите целосно ги почитуваат. Училиштето настојува наставниците да ги практикуваат правата, но истовремено и да им ги посочуваат и обврските кои произлегуваат од нив, а со родителските средби истовремено ги запознава и родителите со нив.<br><br>Училиштето посебно ги апострофира еднаквоста и правичноста како свои темелни вредности и сите вработени подеднакво се однесуваат кон сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и според нивните способности во наставата или воннаставните активности.<br><br>Во однос на истакнатите трудови или изработки на учениците, забележано е дека подеднакво се застапени и девојчиња и машки како нивни автори, но има и трудови кои се резултат на групна работа на машки и девојчиња.<br><br>Училиштето игра активна улога во учење, промовирање и вреднување на учениците да ја почитуваат својата, но и културата и традицијата на другите етнички заедници. |

| 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
| • Закон за основно образование<br><br>• Статут на училиштето<br><br>• Програма и записници за работа на Советите на родители<br><br>• Програма за работа на директор<br><br>• Програма  за работа на Училишен Одбор<br><br>• Записници од соработка со родители<br><br>• Педагошка евиденција<br><br>• Административна документација | Со Законот за основно образование и Статутот на училиштето, родителите се обврзани да се вклучат во животот и работата на училиштето, па за таа цел избирани се во Советот на родители, во органите на управување, одредени важни одлуки се донесуваат со нивно присуство. Училиштето настојува што повеќе да ги вклучи родителите во неговото функционирање преку разни активности, но ефикасноста и ефективноста на некој начин е помала, заради социјалниот, образовниот и професионалниот статус, но и нивната ангажираност во други сфери.<br><br>Заинтересираните родители редовно се информирани за годишните програми и планирања, годишните извештаи, постигањата на учениците, воннаставните активности што се спроведуваат, како од своите тела, така и од училишните субјекти.<br><br>Соработката со родителите се одвива на неколку нивоа: индивидуални, групни, општи родителски средби, неформални средби надвор од училиште, писмени известувања, телефонско комуницирање, соработка со Советот на родители на паралелката и училиштето, претставници во Училишниот Одбор, соработка на Раководниот орган. На тој начин, родителите имаат чувство на прифатеност и добредојде во училиштето.<br><br>Училиштето, исто така, соработува и со претставници од локалната самоуправа, за оние прашања во кои има потреба од неа. Заедницата делува заинтересирано во однос на работата на училиштето и активно се вклучува во сите активности во кои има потреба од неа. Во однос на локалната средина, училиштето е отворено за соработка и со нејзини претставници, со други основни и средни училишта во регионот и пошироко, подрачната единица на ДПИ и БРО, претставници од невладини и владини организации и други организации и претставници кои се значајни за образованието. |

**Подрачје бр.5: Училишна клима и односи во училиштето**

| Други извори на податоци | Вклучени во собирањето на податоците | Кои информации се собрани? |
|---|---|---|
| мислењето на родителите за вкупната училишна клима<br><br>мислењето на наставниците за вкупната училишна клима<br><br>мислењето на учениците за вкупната училишна клима | | - степен на информираност за училишниот успех<br>- фактори на позитивно и негативно влијание врз постигнувањето подобри резултати во учењето<br>- задоволство од влијанието на наставникот и неговата работа<br>- посетеноста на родителските средби и користа од почестата соработка помеѓу наставниците и родителите<br>- степенот на заштитата и безбедноста на ученикот<br>- степенот на познавање на начинот на работа на Советот на родители<br>- степенот на познавање на педагошките мерки кон учениците<br>- други позитивни и негативни страни во училиштето<br>- степен на ефективна реализација на наставните планови и програми<br>- степенот на поддршка од училиштето за осовременување на наставните програми<br>- степен на поддршка  за напредување на професионалниот кадар<br>- начините за подобрување на работата со децата со потешкотии во учењето<br>- воспитно, образовно и морално влијание од страна на наставникот кон подобрувањето на активноста на ученикот<br>- подобрување на комуникацијата родител-училиште<br>- степен на вклучување во училишни проекти<br>- степенот на опременост на училиштето со стручна литература и стручни нагледни средства како и друг потрошен материјал потребен за наставниците<br>- степен на ангажираност на учениците во училишни натпревари и конкурси<br>- степенот на влијание на наставникот за охрабрување и активно вклучување во наставата<br>- влијанието на формите на работа на часот и употребата на нагледните средства за подобро реализирани часови<br>- почитта кон личноста на ученикот<br>- релација ученик-ученик<br>- степен на задоволство од опременоста со книги во училишната библиотека<br>- степен на задоволство од просторните услови за непречено одвивање на часовите по физичко воспитание<br>- степенот на почитување на куќниот ред на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со ученици<br><br>Интервју | Тимовите<br><br>Педагогот | - Во однос на тоа дали наставниците ги  земаат во предвид желбите, чувствата и мислењето на учениците: 21,21% одговориле со да, 63,64%  од учениците  одговориле  дека тоа се случува само понекогаш...<br><br>- во однос на поддршката од наставниците: 51,52% од учениците одговориле дека наставниците ги охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во наставата, а 48,48% од учениците одговориле понекогаш.<br><br>Значи  чуството на праведност, рамноправност и мотивираност кон работата  е на високо ниво.<br>Учениците уживаат во наставниот час кога предавањата се интересни и разбирливи, одговориле 54,1% од учениците кога наставникот применува интересни начини да ја организира наставата, 37,7% кога наставникот употребува нагледни средства на часот.<br>Колкава е информираноста во врска со штетното влијание од пороците како што се: дрогата, алкохолот и пушењето, од страна на училиштето: 56,25% од учениците одговориле - многу сум информиран/а, а 34,38% одговориле - доволно сум информиран/а.<br><br>Училиштето ќе продолжи и понатаму со информирање за штетните влијанија на пороците, бидејќи се залага за напредни и здрави ученици полни со ентузијазам и желба за успеси.<br><br>Во однос на почитувањето на куќниот ред во училиштето, 21,21% од учениците одговориле дека понекогаш го почитуваат куќниот ред, а 78,72% одговориле дека целосно го почитуваат.<br><br>Најчесто, поради „заобиколување“ на куќниот ред,  доаѓа до проблеми помеѓу учениците, а за помош, 48,28% од учениците одговориле дека се обраќаат кај одделенскиот наставник, додека 32,76% одговориле  кај училишниот педагог, во секој поглед, помошта е присутна во секое време.<br><br>На прашање: Доколку во одделението има конфликт меѓу момче и девојче, на која страна застануваш?  79,73% од анкетираните ученици одговориле дека застануваат на страната за која мислат дека е во право. Ова укажува на фактот дека учениците ја почитуваат правдата и еднаквоста во секој поглед.<br>На прашање: Доколку во одделението има конфликт меѓу момче и девојче, на која страна застануваш? , 79,73% од анкетираните ученици одговориле дека застануваат на страната за која мислат дека е во право. Ова укажува на фактот дека учениците ја почитуваат правдата и еднаквоста во секој поглед. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со родители<br><br>Интервју | Тимовите<br><br>Педагогот | 65,6% од родителите се изјасниле дека редовно одат на родителски средби.<br><br>Во најголем број родителите сметаат дека средбите меѓу родителите и наставниците се корисни.<br><br>Родителите имаат забелешка дека при организирање на родителските средби треба да се обезбеди присуство на сите предметни наставници, а не само на одделенскиот раководител.<br><br>Повеќето родители сметаат дека доколку нивното дете има проблем со некој наставник најдобро е да се обратат кај самиот наставник.<br><br>Некои родители се изјаснале дека имале проблем со одредени наставници, но дека не се обратиле никаде од страв од негативи последици по нивното дете. Родителите се слабо вклучени директно во наставниот процес како стручњаци во одредена област. 62,5 % од нив се изјаснале дека никогаш и не биле поканети да присуствуваат на некој час како помош на наставникот и како стручњак, пр. лекар, земјоделец, занаетчија...<br><br>Состаноците меѓу родителите и наставниците се корисни и информативни. На ова прашање 90,6% од родителите одговориле со Да.<br><br>18,8% од родителите сметаат дека доколку нивното дете има проблем со некој наставник најдобро е да се обратат кај самиот наставник, 53,1% сметаат дека треба да се обратат кај одделенскиот раководител, а 6,3% кај училишниот педагог. Има и родители од кои 6,3% се изјаснале дека имале проблем со одредени наставници, но не се обратиле никаде поради страв од негативни последици по нивното дете.<br><br>Родителите, поточно 62,5% од нив, се изјасниле, дека помошта од страна на наставниците е солидна.<br><br>Комуникацијата наставник – ученик, е дотолку подобра ако постои повратна или заедничка соработка од двете страни, а не само од страната на ученикот или на наставникот.<br><br>Во однос на сигурноста додека детето е на училиште, 87,5% од родителите се чувствуваат сигурно. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со наставници<br><br>Интервју | Тимовите<br><br>Педгогот | Наставниците со родителите најчесто комуницираат преку родителски средби, заеднички или индивидуални.<br><br>Резултатите кои ги постигнуваат учениците, 60,61% од наставниците секогаш ги споредуваат со постигнатите резултати од претходните години, со што се овозможува една јасна слика за напредокот на учениците од година во година.<br><br>Од констатациите изведени врз база на набљудување на односот на учениците кон нивните соученици со ПОП, наставниците сметаат дека децата со ПОП не се секогаш добро прифатени (На пр. наставници забележале дека некои деца не сакаат да се фатат за рака со другарче кое има физички недостаток, не сака да седи до другарче со ПОП бидејќи не ја одржува редовно хигиената и сл. ) треба да се поработи на тоа да нема предрасуди помеѓу учениците.<br><br>Училиштето се грижи за креативно подготвување и осовременување на наставните програми, за што сведочи поддршката што им ја нуди на своите наставници со испраќање на семинари организирани од страна на БРО и МОН, а тоа го потврдиле и 100% од наставници во анкетата.<br><br>На наставниците – почетници, училиштето им помага така што им одредува ментор кој ги упатува во тековното работење, 100% од наставниците го потврдиле тоа во спроведената анкета.<br><br>Креативноста на наставниците, пак, се согледува во охрабрувањето на учениците за преземање лична одговорност, самостојност во размислувањето и активно вклучување во учењето – наставата, која се реализира со давање упатства и редовно следење на постигнувањата. Ваквиот начин на реализирање на наставата го практикуваат 44,74% од наставниците, кажуваат резултатите од анкетата, додека 52,63 % тоа го спроведуваат преку истакнување позитивни примери од секојдневието.<br><br>Училишната клима и односите во училиштето, се на едно солидно ниво, 96,97% од наставниците одговориле „Да“ на прашањето: Дали ви е позната раководната структура во училиштето? На прашањето „не целосно“ одговориле 3,03%. |

| РЕЗУЛТАТИ: |
|---|
| КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ<br>• Училишната клима е на солидно ниво<br>• Владеат добри меѓуетнички односи<br>• Добра посетеност на родителските средби во одделенска настава<br>• Нема дискриминација по пол<br>• Односот на наставниците кон сите ученици е еднаков (без оглед на потекло, пол, место на живеење)<br>• Се води грижа за наставниците приправници<br>• Се води грижа и се мотивираат наставниците за нивниот профеионален развој<br>• Правдината пред се! Е мислењето на учениците |
| КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ<br>• Слаба е посетеноста на родителските средби од страна на родителите во предметна настава<br>• Отсуствува редовност при дежурањето кај дел од наставниците за време на големите одмори |

**Анализа на резултатите:**

Секое училиште кое сака да биде ефективно и ефикасно во своето работење, треба да обезбеди создавање позитивна училишна клима, еднаков однос кон сите ученици и почитување на индивидуалните разлики на учениците.

Учениците кои постигнуваат подобри резултати се истакнуваат на одделенските совети и јавно се пофалуваат за постиганатите резултати.

Од аспект на половата застапеност на изработките на учениците и нивното поставување на паноата во училниците, констатирано е дека еднакво се застапени трудови и од двата пола, како и многу трудови кои се резултат на групна работа на ученици од различен пол.

При испитувањето по основ конфликти меѓу ученици од различен пол, 79,73% од учениците одговориле дека застануваат на страната за која мислат дека е во право, без разлика на полот на ученикот.

На прашањето дали наставниците ги земаат во предвид чувствата, мислењата и желбите на учениците, 21,21% од учениците одговориле Да, додека 63,64% одговориле Понекогаш.

По однос на прашањето-кога учениците имаат личен проблем, најчесто за помош се обраќаат кај: одделенскиот наставник-одговориле 48,28%, а кај училишниот педагог-одговориле 32,76% од учениците.

Дали состаноците меѓу родителите и наставниците се корисни и информативни, 90,6% од родителите одговориле Да, а 9,4% одговориле Не сум сигурен/на.

Доколку детето има проблем со некој наставник, 18,8% од родителите сметаат дека најдобро е да се обратат кај самиот наставник, 53,1% сметаат дека треба да се обратат кај одделенскиот раководител, а 6,3% кај училишниот педагог. 6,3% од родителите се изјасналe дека имале проблем со одредени наставници, но дека не се обратиле никаде од страв дека тоа ќе има негативи последици по нивното дете.

66,67% од наставниците, со родителите најчесто комуницираат барем еднаш во месецот и ги информираат за сите промени во врска со нивното дете, а 22,22% од наставниците преку родителски средби, заеднички или индивидуални.

На прашањето, дали наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во наставата, поголемиот дел од учениците одговориле дека тоа се случува често.

Во врска со информираноста за штетното влијание од пороците како што се: дрогата, алкохолот и пушењето, од страна на училиштето, 56,25% од учениците одговориле многу сум информиран/а, а 34,38% одговориле доволно сум информиран/а.

Бидејќи училиштето се залага за напредни и здрави ученици полни со ентузијазам и желба за успеси, истото и понатаму ќе продолжи со информирање за штетните влијанија на пороците.

Во однос на почитувањето на куќниот ред во училиштето, 78,72% од учениците одговориле дека го почитуваат куќниот ред, а 21,21% одговориле дека понекогаш го почитуваат.

Во однос на сигурноста додека детето е на училиште, 87,5% од родителите одговориле дека се чувствуваат сигурно.

Училиштето се грижи за креативно подготвување и осовременување на наставните програми, за што сведочи поддршката што им ја нуди на своите наставници со испраќање на семинари организирани од страна на БРО и МОН, а тоа го потврдиле и 100% од наставниците во анкетата.

На наставниците – почетници, училиштето им помага така што им одредува ментор кој ги упатува во тековното работење, 100% од наставниците го потврдиле тоа во спроведената анкета.

Креативноста на наставниците, пак, се согледува во охрабрувањето на учениците за превземање лична одговорност, самостојност во размислувањето и активно вклучување во учењето – наставата, која се реализира преку истакнување позитивни примери од секојдневието. Ваквиот начин на реализирање на наставата го практикуваат 52,63% од наставниците, кажуваат резултатите од анкетата, додека 44,74 % тоа го спроведуваат со давање упатства и редовно следење на постигнувањата.

Дека училишната клима и односите во училиштето се на солидно ниво, потврдува фактот дека 96,97% од наставниците одговориле Да на прашањето: Дали ви е позната раководната структура во училиштето?

**Идни активности:**

- **Приближување на училиштето до родителите преку разни форми на работа со родителите**
- **Дефинирање и обезбедување на систем на награди за учениците кои постигнуваат подобри резултати во учењето**
- **Подобрување на дежурствата за време на одморите**

| ***6.1 Сместување и просторни капацитети*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| Годишна Програма за работа<br>Годишен Извештај за работа<br>Развоен план<br><br>Непосреден увид<br><br>Записници од просветна и санитарна инспекција | Училиштето располага со соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и организирање на воннаставни активности со учениците.Постојат доволен број училници согласно бројот на ученици. Во централното училиште постои сала за приредби. Холот во училиштето е убаво и естетски уреден, со изработени проектни постери на учениците. Во централното училиште постои сала за приредби.<br>Употребливите санитарни простории во однос на бројот на учениците се соодветни за потребите.<br>Максимално се искористени расположливите просторни капацитети за изведување на наставата и вон наставните активности со што дава можности за задоволување на потребите на учениците.<br>Училиштето има современа и опремена фискултурна сала. |

| ***6.2 Наставни средства и материјали*** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Потрошен материјал<br>• Училишна библиотека |
| Статистички извештај од административна служба<br><br>Годишна програма<br>Годишен извештај<br><br>Картотека / пописни листи<br>Евиденција од директор<br>Административна документација<br>Непосреден увид<br><br>Апликативни проекти | Училиштето располага со компјутери за сите ученици и подвижни компјутери за сите наставници, поседува основни наставни средства, аудио - визуелни средства, технички помагала (проектор, скенер, лаптоп, фотокопири, печатари) и дидактички матерјали, но не во доволен број и за сите наставни предмети според наставните потреби, нормативи и современи токови. Постоечките наставни средства и технички помагала им се достапни на располагање на наставниците за потребите за наставата<br>Кабинетите се опремени со ИКТ опремата и во целиот објект достапен е WI-FI интернет.<br>Училиштето има библиотека. Располага со одреден библиотечен книжен фонд и лектирни изданија за учениците, но во недоволен број. Одговорен наставник е задолжен за издавање лектири за потребите на учениците.<br>Раководниот тим потребите од наставните средства и потрошен матерјал ги утврдува по пат на непосредно следење, анкети, разговор и соработка со наставниот кадар и училишниот педагог<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен матерјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето, за сите наставници и други вработени кои истото го потврдуваат. |

| 6.3 Обезведување на потребниот наставен кадар | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| Закон за основно образование<br>Статут на училиштето<br>Административна документација од секретар<br>Статистички извештаи<br>Списоци за плата | Во училиштето работаат 43 лица. По однос на составот, ситуацијата е следна: 65,1 % се наставен кадар со високо образование; над 41,9 % се со работен стаж над 10 години, 71,9 % наставници се од женски пол .<br>Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците и справување со проблемите. Педагогот редовно изготвува програма за работа, организира активности со ученици и е отворена за соработка.<br>Според Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Куќниот ред, сите вработени лица (со различен пол, возраст и работно искуство) редовно и навремено се присутни на работно место. Исклучоци има со најавено еднодневно оправдано отсуство од директорот. Директорот секојдневно ја следи редовноста на персоналот на работно место |

| 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Професионален развој на наставниците |
| Евиденција за посета на семинари и обуки<br>Записници од работа на стручни активи<br>Трудови од тимска работа<br>Педагошка евиденција (педагог,директор)<br>Професионални портфолија<br>Програма за професионален развој | Училиштето има Програма за професионален развој која успешно се реализира од минатата година, чиј резултат се бројот на добиени сертификати.<br>Во изминатите неколку години, голем број наставници учествуваа на обуки организирани преку ПМО и ПЕП кои ја поттикнаа тимската работа, ја зголемија мотивацијата за внесување иновации во наставата особено го зголемија интересот за следење на промените во образовниот систем.<br>Во текот на учебната година директорот во соработка со училишниот педагог ја следи работата на наставниците во наставниот и воннаставниот процес и ги идентификува нивните потреби преку непосредно следење, советодавно-консултативна и инструктивна работа.<br>Училиштето работи по посебна програма за водство на наставник-приправник, а за нивната стручна подготовка се избира ментор на наставнички совет.<br>Училиштето нема изграден систем на оценување на наставниците односно вреднување и унапредување на работата на училиштето. |

| *6.5 Финансиско работење на училиштето* | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |
| Финансиски План<br>Годишен Извештај за Финансиско работење/ завршна сметка<br>Програма за работа на Училишен Одбор<br>Годишна програма за работа<br>Евиденција од работа на секретар-администратор | Финансиското работење во училиштето е во согласност со нормативните акти доставени од МОН. Училиштето се финансира преку наменски дотации од МОН, кои со децентрализацијата на власта, се префрлаат преку локалната самоуправа.<br>За финансиското работење, училишниот буџет и трошоците на училиштето се информира Наставничкиот Совет, Советот на родители, Училишниот Одбор, Локалната Самоуправа и Министерството за образование и наука.<br>Училиштето изработува Финансиски План за секоја календарска година, тромесечни и месечни финансиски планирања. Истите се разгледуваат и одобруваат од Училишниот Одбор и се доставуваат до Основачот за усвојување и одобрување .<br>Финансиските средства што ги добива училиштето од МОН преку наменски дотации од општината, од 2013 година целосно се користат за исплата по извршни решенија, а за тековно работење на училиштето нема средства од сметката.<br>За секојдневни основни трошоци, училиштето користи донации од приватни фирми, кои доброволно му помагаат на училиштето во рамките на своите можности. Од добиените донации во последниве две години ќе ги издвоиме:<br>- Поставена метална ограда околу целиот училишен двор, расчистување на дивата депонија во непосредна близина на училиштето, пополнување со земја и тампон и рамнење на целиот училишен двор, како и пристапите до училиштето – донација од ПН Метал, приватно претпријатие во сопственост на жител на с. Драслаца, **Новко Плаќаноски.**<br>- Поставени 10 канделабри во училишниот двор за осветлување – донација од **Наумче Ѓорѓиески** член во УО и родител на ученичката Тамара Ѓорѓиеска, **Благојче Спасески** жител на с. Драслајца, **Марјан Цветаноски** – ПП Рандем Струга.<br>- Наставни, нагледни средства и основен материјал за секојдневно непречено работење на училиштето – донатори: ПП Боби Експрес во сопственост на **Бошко Чуркоски** жител на с. Драслајца и родител на Мирче и Јована Чуркоска, ПП Маркоски во сопственост на **Кире Маркоски** жител на с. Мороишта, ПП Тане во сопственост на **Танче Спироски** жител на с. Драслајца и родител на учениците Давид Спироски и Богољуб Спироски; картонажа Ѓоршулески во сопственост на **Горан и Никола** Ѓоршулески жители на с. Мороишта и родители на Христијан Ѓоршулески, Роберта Ѓоршулеска, Андреј Ѓоршулески и АнаМарија Ѓоршулеска**, Виктор Цветаноски** жител на с. Драслајца. |

| ***Други извори на податоци*** | ***Вклучени во собирањето на податоците*** | ***Кои информации се собрани?*** |
|---|---|---|
| • Анкетен прашалник за ученици<br>• Интервју | Наставници<br><br>Педагог | -77.3% од интервјуираните ученици од предметните паралелки, а кои живеат вои с. Драслајца, а за кои законски не следува превоз бидејќи е поблуску од два километри, сметаат дека не се безбедни на патот до дома доколку си одат пешки. Поради тоа, а со договор меѓу превозникот и училиштето, учениците од с. Драслајца го користа училишниот превоз без паричен надомест.<br><br>-54.5% од учениците се изјасниле дека нај интересна им е наставата кога наставникот применува интересни начини при организацијата на наставата |
| • Анкетен прашалник за наставници<br>• Интервју со наставници | Наставници<br><br>Педагог | Немање на помошни простории за чување на нагледни сретства и матерјали<br>Одделенскиот актив, како и стручните активи од предметна настава сметаат дека постои подобрување на библиотечниот фонд |
| • Анкетен прашалник со родители<br>• Интервју | Наставници<br>Педагог | Родителите генерално забележуваат на:<br>- слаби дежурства на наставниците за време на голем одмор<br>- не работењето на кујната<br>- нема доволно греење |

**Самоевалуација на училиштето: “Свети Климент Охридски” с.Драслајца** **Подрачје 6 Ресурси**

| РЕЗУЛТАТИ |
|---|
| КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ<br>• Модерно опремена Фискултурна сала во централното училиште, со реквизити за целата програма од I до IX одделение<br>• Сала за приредби во централното училиште<br>• Училиштето располага со постојана вклучена интернет мрежа и во голема мера ги задоволува потребите и на учениците и на наставниот кадар во извршувањто на секојдневните активности<br>• Оптимално и рационално користење на расположливите капацитети од страна на сите сегменти на делување<br>• Редовност на наставниот кадар на работните места<br>• Обезбеден превоз за учениците кои патуваат<br>• Однос наставник-ученик-родител<br>• Целосна поддршка на наставниците од страна на директорот, кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности во рамките на финансиските и други можности на училиштето |
| КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ<br>• Недостаток на нафта за греење<br>• Блокирана сметка<br>• Нема обезбеден оброк за учениците |

***Анализа на резултатите:***

-Реализацијата на наставниот процес не може да се модернизира без да се вложи во подрачјата кои се индикатори за лошата состојба во овој дел. Дека има недостаток на наставни и нагледни средства, недостаток на основна стручна литература, како и недостаток на педагошка периодика, се изјаснаа најголем дел од испитаните наставници.

Салата за приредби која ги задоволува потребите на учениците во централното училиште е место каде се случуваат културни настани и приредби за кои е задолжен координаторот за вакви манифестации во училиштето.
Постоењето доволен број училници, согласно бројот на ученици, е една од добрите страни на училиштето.
Училиштето и училишниот простор ги задоволуваат просторни и материјално-технички, педагошко-психолошки и хигиенско-естетски услови за работа согласно законските нормативи за основно училиште.
Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и организирање на воннаставни активности со учениците..

-Новата фискултурна сала, е од голем придонес за правилниот раст и развој на учениците при нивното физичко и здравствено образование. Салата е опремена со голем број спортски помагала и реквизите, така што често се одржуваат различни спортски натпревари на кои сме домаќини и на другите училишта од регионот.

-Одделенскиот актив, како и стручните активи од предметна настава, сметаат дека не постојат лектирни и друг вид списанија.
Постоечките наставни средства и технички помагала им се достапни на располагање на наставниците за потребите за наставата.

Училиштето има библиотека. Располага со одреден библиотечен книжен фонд и лектирни изданија за учениците, но потребно е подобрување. Стручната литература е достапна за сите субјекти, но недоволен фонд за потребите на кадарот за стручно и професионално усовршување. Училиштето не набавува стручен печат и списанија.

Учениците се изјасниле дека помалку од половина наставници користат интересни методи на час.
Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Има програма и обезбедува подршка за професионален развој на сите наставници и стручна служба, притоа ја почитува законската регулатива. Кај дел од наставниците постои расположение и мотив за дообразование, стручно усовршување, ангажман во проекти, интерна и екстерна едукација.

Училиштето дава целосна поддршка на наставниците кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности преку:

| |
|---|
| -Учество на семинари и советувања, стручна литература, учество на разни обуки, поставување на места како председатели на активи, дисеминација на обуки, учество на натпревари. Училиштето им назначува ментори на наставниците приправници, се следат преку посети на час од страна на директорот и педагогот и им се укажува на начинот на водење на евиденција и документација. Се консултираат со останатите колеги и им се помага во работата и при подготовката за приправнички испит. Во училиштето постои колегијалност, меѓусебна комуникација, посебно почитување на повозрасните колеги и подршка на помладите, размена на сознанија и искуства, често ефективна комуникација без разлика на пол и етничка припадност. Нововработените добиваат поддршка во училиштето. Кадарот во училиштето е со соодветна стручна квалификација, различен пол, етничка припадност и со различно работно искуство. |
| **Идни Активности**<br>• Адаптирање на библиотеката во медиотека<br>• Обезбедување на опрема, нагледни сретства, потрошен матерјал и одржување на истите |

**Самоевалуација на ООУ: “Свети Климент Охридски”**

**Подрачје: 7 Управување,раководење и креирање политика**

| **Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика** | | |
|---|---|---|
| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| 7.2 | Цели и креирање на училишната образовна политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| 7.3 | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>• Инфраструктура |

**Самоевалуација на ООУ: “Свети Климент Охридски”**

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

| **7.1. Управување и раководење со училиштето** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| • Програма за работа на Училишниот одбор<br><br>• Записници од работата на Училишниот одбор<br><br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br><br>• Одлуки донесени од Училишниот одбор<br>• Закон за оновно образование<br>• Статут на училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишни извештаи за работа на училиштето<br>• Програма за работа на директорот<br><br>• Програма за работа на стручните органи<br><br>• Програма за работа на Наставнички совет | Училишниот одбор во училиштето е орган на управување кој што е основан според  Законот за основно образование и Статутот на училиштето.<br><br>Орган на управување во училиштето е училишниот одбор.<br><br>Училишниот одбор во училиштето го сочинуваат 9 члена, од кои 7 се жени, а 2 члена се мажи. Во однос на етнички состав, 8 се Македонци и 1 Албанец.<br><br>Тој во законски определениот рок изготвува своја програма за работа и работи според Деловник за работа. За својата редовна работа води евиденција преку записници на одржани седници, според утврден дневен ред, со мнозинство членови и истите се потпишани од претседателот на Училишниот одбор. Одлуките што ги донесува Училишниот одбор се почитувани и спроведувани од раководниот кадар.<br><br>Директорот е раководен орган, кој има високо образование, вкупен стаж во образование 7 години, а како директор 2 години и 6 месеци, од кои 12 месеци со прекин, вршител на должност директор.<br>Директорот  на училиштето навремено и согласно Законот за основно образование изготвува годишна програма за работа на училиштето. Навремено ја организира работата во училиштето.<br>Раководниот орган успешно соработува со сите субјекти во училиштето, го помага професионалниот развој на вработените, создава услови за безбедност на учениците и ги вклучува вработените во давање предлози за поквалитетна настава.<br><br>Соработувајќи со административната служба, навреме и во законски предвидените рокови ги изготвува и поднесува сите извештаи и планови за финансиското работење на училиштето до училишниот одбор, каде по нивното усвојување се поднесуваат до другите надлежни служби.<br><br>Наставничкот совет и одделенските совети работат и функционираат според програма за работа и законските прописи, вклучувајќи ги и новонастанатите проблемски прашања во самото училиште. Нив ги менаџира директорот, а од водените записници многу јасно се гледа дека нема никакви надворешни |

| | |
|---|---|
| • Одделенски совети<br><br>• Одделенски дневници<br><br>• Извештај за работата<br><br>• Програма за работа на активи<br><br>• Тим за личен професиомнален развој<br><br>• Заедница за учење<br>• Програма за работа на Совет на родители<br>• Програма за работа на педагогот<br>• Дневник и евиденција за работата на педагогот<br>• Документација на административниот кадар<br>• Самоевалуација на училиштето<br>• Програма за развој на училиштето | влијанија врз донесувањето на одлуките. Наставничкот совет и одделенските совети секогаш се навреме известени со сите новости и барања од БРО и МОН и истите во многу краток рок ги исполнуваат.<br>Програмата за работа на активи во нашето училиште ја спроведуваат 3 активи, за чија реализација евиденција се води преку записници од одржаните состаноци, а успешно работи и тимот за поддршка на оценувањето. Во рамките на Проектот „Со читање до лидерство“ во нашето училиште во последниве три години активно работеше Заедницата за учење – составена од одделенските наставници, вклучени во проектот. Се реализираше и Мрежен настан (на кој бевме домаќини) и на кој се презентираа искуства од 3 училишта: ПОУ „Маца Овчарова“ Велес, ООУ „Симче Настовски“ Вратница, Тетово и ООУ „Свети Климент Охридски“ Драслајца. Записи во папката од проектот „Со читање до лидерство“<br><br>Советот на родители во училиштето го сочинуваат 23 члена, меѓу кои нема етничка или полова дискриминација. Од нив 11 се жени, 12 мажи, 19 македонци и 4 албанци.<br><br>Како стручен соработник, училиштето има педагог кој одговара на потребите на тоа работно место и својата работа ја евидентира преку хронолошки дневник и одделни папки за сите реализирани активности во секое подрачје.<br><br>Административната работа, согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето и останатите законски акти ја води секретар, кој ја има и улогата на благајник на училиштето.<br><br>Самоевалуацијата на училиштето е тимски сработен документ од законски формирани тимови. Истата, согласно Законот за Основно образование се изработува на секои 2 (две) години.<br>Училиштето за време на учебната 2015/2016 година има изработено Програмата за развој на училиштето чие спроведување е во тек. Програмата за развој беше изработена според добиените исходи од Самоевалуацијата 2014/2015. |

| 7.2. Цели и креирање на училишната политика | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| • Закон за основно образование<br>• Советување на родители<br>• Статут на училиштето<br>• Дневник за работа на стручните органи<br>• Дневник за работа на Училишниот одбор<br>• Дневник за работа на директорот<br>• Записи од ученичка заедница<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | Зацртаните цели на училиштето се однесуваат на создавање услови за квалитет во наставата и подобар успех на учениците и се поистоветуваат со целите на образовната политика. Во училиштето се почитуваат законските процедури за примена на дисциплински мерки, поведението на учениците и насилничкото однесување.<br><br>На почеток на учебната година секое одделение е запознато со Правата и обврските во училиштето и Куќниот ред , кој е истакнат во секоја училница. На почеток на учебната година се формира Ученичка заедница која потоа активно е вклучена во донесувањето одлуки и општата организација на работата во училишетето.<br><br>За секој поединичен случај се води запис, се известуваат родителите и во зависност од потребата се превземаат мерки за сторителите, со договор помеѓу одделенскиот раководител, педагог и директор. Доколку се работи за посериозна мерка и дело се вклучува Наставничкиот Совет.<br>Редовно се организира советување на родители на деца со над две слаби и со над 10 неоправдани изостаноци.<br><br>Правилата, целите и вредносниот систем им се добро познати на сите субјекти вклучени во функционирањето на училиштето и се настојува истите да бидат реализирани со активно вклучување на тие субјекти. Во давањето поддршка на учениците, во решавање на кризни ситуации постои политика на „дијагностицирање на проблем“ и решавање на истиот. Најчесто одделенските раководители и соучениците најбрзо доаѓаат до информација околу одреден проблем и го решаваат во рамките на паралелката. Доколку, проблемот бара посеопфатен пристап се „алармира“ педагогот, директорот и другите одделенски наставници и презвземаат соодветни мерки.<br><br>Училишниот одбор и директорот се одговорни за политиката на училиштето и донесувањето на актите.<br><br>Развојното планирање ги содржи клучните точки кои се важни за изработка на годишни програми за работа, како и забелешките од интегралната евалуација на училиштето.<br><br>Увид во работата на училиштето може да се направи преку активно читање на годишните извештаи. Тука се запишани активностите на сите субјекти вклучени во реализирање на поставените цели. |

| 7.3. Развојно планирање | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Матерјално-технички средства<br>• Инфраструктура |
| • Програма за развој на училиштето<br>• Самоевалуација на училиштето<br>• Програма за работа на Училишниот одбор<br>• Програма за работа на директорот<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Финансиски план за развој на училиштето<br>• Извештаи од инспекциски надзори<br>• Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем | Сите важни субјекти активно се вклучени во потенцирање и реализирање на поставените цели на училиштето во Програмата за развој и годишните програми кои ги изготвува.<br><br>За нивно остварување, училиштето изготвува и акциски планови и програми, а за резултатите од нив ги информира сите опфатени субјекти.<br><br>Училиштето има делумно изграден систем за следење, вреднување и евалуација на својата работа, па така и му овозможува на својот кадар понатамошно стручно усовршување преку разни активности и изготвена програма за професионален развој.<br><br>Училиштето поседува опрема и нагледни средства кои се користат според потребите на кадарот, но има и потреба од дополнителни материјално технички средства и активности, кои ќе ја подобрат состојбата во однос на модернизација на наставата, а за таа цел соработува со владини и невладини организации.<br><br>Училиштето има изработено програма за интегрирање на еколошката едукација во образовниот систем и истата се одвива во многу позитивна насока. |

| Други извори на податоци | Вклучени во собирањето на податоците | Кои информации се собрани? |
|---|---|---|
| • Анкетен прашалник за ученици<br><br>• Интервју | Наставници<br><br>Педагог | 72,72 % од учениците изјавиле дека го почитуваат куќниот ред на училиштето, а 81,8 од нив мислат дека неговите прекршители праведно се казнети.<br><br>Поголем дел од учениците изјавуваат дека се доста добро известени за куќниот ред и правилникот на однесување во училиштето и за позитивно го сметаат тоа што во секој училница куќниот ред е истакнат на видно место.<br><br>Освен во училниците, куќниот ред е истакнат и на огласната табла на училиштето, како и во секој ходник. Најголем дел од учениците сметаат дека кога ќе се заврши поставувањето на оградата околу училиштето ќе се чувствуваат побезбедни . (Оградувањето е во тек) |
| • Анкетен прашалник за родители<br><br>• Интервју | Ученици /Наставници<br><br>Педагог | Според обработените податоци од анкетите 56,3% од родителите мислат дека се информирани за постапката за избор на членови за Советот на родители, 34,4 % од нив сметаат дека не се добро запознати, а 6,3% дека не се сеќаваат.<br><br>Високи 87,5% од родителите се чувствуваат сигурно додека нивното дете е на училиште. 62,5 од родителите се согласуваат дека се запознаени со начините на спроведување на педагошки мерки за оние ученици што не го почитуваат куќниот ред на училиштето.<br><br>Она што најмногу им се допаѓа на родителите во училиштето е односот наставник-ученик, спортаската сала и опрема, редот и дисциплината која се одржува во училиштето, успесите на учениците при учество на разни активности, обебедениот превоз, наставата.<br><br>Негативните страни или најчестите коментари на родителите се однесуваат најмногу на немањето греење во одредени денови од зимата, недоволна хигиена во тоалетите – недостиг на технички персонал (подрачно училиште), неработењето на кујната, чекање превоз на главниот пат, превозот за Ложани – најбрзо доаѓаат, последни си одат. |
| • Анкетен прашалник | Наставници | Наставниците (96,97%) сметаат дека се запознаени со раководната структура на училиштато. |

| | | |
|---|---|---|
| за наставници<br><br>• Интервју | Претставници на Училишен одбор | 70,59 од наставниците изјасниле дека се запознати со политиката на училиштето и нејзините креатори и мислат дека сите засегнати страни се доволно информирани за неа, но 20,59 % од наставниците мислат дека за тоа, нецелосно се информирани учениците и родителите.<br><br>Претставниците на УО и наставниците сметаат дека директорот доста добро си ја врши својата работа и како раководител и како соработник, му веруваат, го поддржуваат.<br><br>Во однос на бараната помош од стручен соработник на местото педагог, наставниците сметаат дека истиот навремено и задоволително ги исполнува нивните барања.<br><br>Сите наставници се сложуваат околу тоа дека училиштето им пружа шанса на наставниците-почетници преку одредување на ментор, при нивното прво вработување.<br><br>Во однос на воведувањето и вклучувањето во проекти, 69,70% од наставниците би се согласиле на истото.<br><br>Работата на раководниот орган, според претставниците на Училишниот одбор, се одвива во позитивна насока и со него има воспоставено честа и доста добра комуникација, а Извештаите за работа и Годишната програма само го надополнуваат успешниот однос.<br><br>84,85 % наставници знаат дека училиштето има Развојно планирање, 12,12% не се запознати, а 3,03 % сметаат дека немаме. |

| РЕЗУЛТАТИ |
|---|
| КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ<br><br>• Во училиштето функционираат сите органи и тела предвидени со Законот за основно образование<br>• Надлежностите се јасно разграничени меѓу: директорот, училишниот одбор, наставничкиот совет како највисоки органи и советот на родители како помошен орган<br>• Опфатеност на подрачните училишта во годишната програма за работа<br>• Изработени акциски планови и програми за дел од поставените цели<br>• Добра соработка и поддршка во создавање и управување со политиката на училиштето<br>• Позитивна соработка и однос, посебно преку почитување на куќниот ред на училиштето |
| КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ<br><br>• Нередовно снабдување со нафта;<br>• Не се добиваат количини на нафта кои следуваат според површината на училиштето;<br>• Недоволно одобрени финансиски средства за потребите на училиштето;<br>• Недоволен број на технички персонал – хигиеничари во ПУ Мороишта и Училишната спортска сала;<br>• Нерасполагање со матерјални средства за самостојно решавање на прашања поврзани со животот и работата на училиштето, поради блокирана сметка од 2013 година и денес. |

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Училиштето работи и функционира според Законот за основно образование и Статутот на училиштето и има изградено партнерски однос и соработка на сите полиња и помеѓу сите субјекти опфатени со него, а посебно помеѓу раководниот орган и Училишниот одбор, кои се во доста голема мера професионални и имаат сериозен пристап на работите, а посебно конструктивни предлози и начини за реализирање на поставените цели.<br>Развојното планирање на училиштето, преку своите јасно формулирани цели, навлегува во сите сфери на работата на училиштето, а особено внимание посветува во областа на професионалниот развој на наставниот кадар и градењето на позитивни вредности кај учениците. Поставеноста на целите соодветствува со образовната политика, во однос на подигнување на квалитетот на наставата и успесите на учениците на повисоко ниво, а за тоа големо значење има одличната соработка помеѓу сите субјекти во училиштето. Училиштето има позитивен однос кон наставниците-почетници и им одредува ментор кој ќе го следи нивниот почетен развој, се додека наставникот-приправник не биде подготвен за полагање на стручниот испит.<br>Раководниот тим на училиштето, почитувајќи го мислењето на родителите и учениците е основач на училишната политика и истата ја спроведува преку своите тела и органи. Училиштето има развојно планирање, изготвени годишни програми и извештаи за својата работа, акциски планови според поставените цели, и се тоа во рамките на законски предвидените рокови. Понатака, според оваа самоевалуација, училиштето треба и ќе изготви нов развоен план за училиштето, во кој прецизно ќе ги претстави своите цели и начинот на нивно остварување, а при тоа ќе ги вклучи сите засегнати субјекти.<br>Со веќе изготвени и комплетни документации за модернизација и подобрување на инфраструктурата, училиштето веќе поднесува барања до владини и НВО за да се обезбедат средства за истото. |
| **Идни активности:**<br>• Изнаоѓање на начини за обезбедување на финансиски средства кои ќе бидат наменети за училиштето.<br>• Поголема вклученост на родителите во создавањето на политиката на училиштето.<br>• Настојување целите на училишната политика да бидат реализирани во целост преку планираните стратегии. |